Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)	Општа цел: Главна цел на овој предлог-проект е делумна реконструкција (Фаза 1) на спортската сала „Гемиџии“ која е изградена кон крајот на седумдесеттите и почетокот на осумдесеттите години од минатиот век, а официјално е отворена за јавноста во 1981 година. Овој спортски објект е со капацитет од над 2000 гледачи. Проектиран е како комплекс од спортски центар во централниот дел на објектот и деловни објекти периферно поставени околу јадрото, во состав на комплексот. Пристапот до салата со возила е преку сообраќајница која поминува низ градскиот парк, додека пристап за пешаци до објектот е возможен од сите страни, а посебно од правец на центарот на градот преку пешачкиот премин под железничката линија Велес - Штип - Кочани. Новопроектираното решение предвидува отстранување на недостатоците на објектот, санирање на оштетените делови и целосно ставање во функција на објектот и на сите пропратни функции на објектот. Генерална констатација е дека конструктивно објектот е во добра кондиција, но видливи се оштетувања на неконструктивните делови од објектот. Оштетувањата се претежно протекување на атмосферската вода во објектот и оштетувања предизвикани од навлезената вода. Од протекување на кровниот покривач на неколку нереконструирани точки, навлезената вода има оштетено дел од канцелариите, инсталационите окна на аглите на објектот, така што оштетувањата се по вертикали сè до подрумските простории. Во салата се јавува и проблем со навлегување на вода при поголеми врнежи од под објектот, за што е потребно да се предвиди дренажа на површинската вода околу објектот и интервенција внатре во објектот на делот помеѓу трибините и спортското игралиште. Специфчна цел 3: Организирање на спортски манифестации во ракомет, фудбал и др. Специфчна цел 4:Развој на спортор во општината преку обезбедување на простор за тренинг на подинци и клубови
Планирани активности	Со овој проект ќе се изведат само дел од активностите од основниот проект за архитектура на спортската сала „Гемиџии“ со следниот опфат на работа: • Вадење на подни и ѕидни керамички плочки од подови во тоалети и ѕидови, како и подови во ходници, со утовар и транспорт до депонија; • Вадење на малтер од ѕидови, вадење на кошулка под плочките, утовар на материјал и транспорт до депонија; • Вадење на врати од тоалети и канцеларии со транспорт до депонија; • Изработка на преградни ѕидови во тоалети, малтарење на ѕидови, изработка на кошулки на подови, изработка на хидроизолација во тоалети; • Обработка на подови во ходници со епоксидни материјали; • Изработка на спуштени плафони во тоалети; • Глетовање и белење на внатрешни ѕидни површини; • Набавка и поставување на внатрешни врати во тоалети и канцеларии и • Комлетна реконструкција на водоводна и канализациона инсталација.

Очекувани резултати / ефекти	**Очекувани резултати:** Р 1. Новопроектираното решение предвидува отстранување на недостатоците на објектот, санирање на оштетените делови и целосно ставање во функција на објектот и на сите пропратни функции на објектот. Р 2. Зголемување на посетители на салата како и на корисниците. Р3.Организирање на спортски манифестации. Очекувани ефекти:Развивање на спортот во општината и качување на повисоко рамниште како и многу поголема искористеност на спортската сала
Ризик и претпоставки	Клучни ризици во фазата на имплементација на проектот се наидување на ситуации потребни за санација кои не се предвидени со реконструкцијата, а произлегле со почетокот на работа на објектот (од тип на цевки кои мора да се заменат а не биле предвидени). Мерки за ублажување на ризиците се реорганизација на проектните активности со цел да се реализираат според утврдената временска рамка.
Датум на започнување со имплементација на проектот	2026 година
Датум на завршување на проектот	2027 година
Вкупна вредност	15.690.238.80денари
Име на студија	Основен проект за реконструкција на Спортска сала „Гемиџии“ - општина Велес - фаза архитектура, техн. број 11-03/2021 од март 2021 година
Ниво на студија*	Потребна техничка документација: 1. Основен проект за реконструкција на Спортска сала „Гемиџии“ - општина Велес - фаза архитектура, техн. број 11-03/2021 од март 2021 година, поткрепен со: 1.1 Предмер Архитектура за спортска сала „Гемиџии“ – (ревидиран); 1.2 Предмер Водовод и канализација - спортска сала „Гемиџии“ – (ревидиран); 1.3 Збирен - Рекапитулар за аплицирање; 2. Основен проект за реконструкција на спортска сала „Гемиџии“ - општина Велес - фаза водовод и канализација, техн. број 11-03/2021, од март 2021 година; 3. Основен проект за реконструкција на спортска сала „Гемиџии“ - општина Велес - фаза електротехника, техн. број 11-03/2021 од март 2021 година; 4. Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи за основен проект за реконструкција на Спортска сала „Гемиџии“, техн. број 11-03/2021 од март 2021 година; 5. Завршна ревизија на основен проект за реконструкција на спортска сала Гемиџии“ - општина Велес, техн. број 249/21 од септември 2021 година; 6. Извод од план бр. 13-465/2 од 03.02.2021 година, Одлука број 0701-2035/2 од 30.05.2006 година; 7. Имотен лист бр. 25440, 1105-1480/2021 од 02.02.2021 година и 8.Образец Државен завод за статистика.

Автор/Фирма, седиште	Проектната документација е изготвена од ИНТ Глобал Инженеринг АВ ДООЕЛ Битола, изработена во март 2021 година, со технички број 11-03/2021. Техничка контрола на техничката документација е извршена од страна на Друштво за проектирање,инжинеринг, консалтинг „ЈОН И ЈОНИ" ДОО ПРИЛЕП,подружница СТУДИО ЈОН И ЈОНИ ДОО Скопје,техн. бр.: 249/21.
Датум на изготвување на проектна документација	2021 година

Индикатори				2024	2025	2026	2027
	Број на корисници	Број на гледачи на натпревари	број на спортски натпревари	Број на поединци и клубови корисници				

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (студија)
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија
ФС=Физибилити студија

Број 09-4756/14
13.11.2026 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
- Одделение за поддршка на градоначалникот;
- Одделение за јавни дејности;
- Одделение за финансиски прашања и
- Списи и архива.

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

		Динамика на финансирање						
Извор на финансирање	**Статус на финансирање***	**Вкупен износ на проектот во МКД**	**Потрошено заклучно со 31/12/2024**	**Предвидени расходи за 2025**	**2026**	**2027**	**2028**	**По 2028 година**
1	2	3	4	5	6	7	8	9
Буџет (637)		0		0	0	0		
Буџетско учество								
ДДВ								
Самофинансирање (787)								
Вкупни донации								
Име на донатор**								
Име на донатор**								
Вкупни заеми								
Име на кредитор**								
Име на кредитор**								
Други извори на финансирање ***	Министерство за спорт	15690239		0	3138048	12552191		
Вкупно		15690239	0	0	3138048	12552191	0	0

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

Бр.433

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К

за објавување на Заклучокот за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/14
13.11.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К

за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2027 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/15
13.11.2026 година
В е л е с

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 22 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 202/24), член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Велес
во областа на спортот во 2027 година

I ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот;
- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативни активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
- Афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности;
- Афирмација на сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во државата и надовор од неа.

II АКТИВНОСТИ

За реализација на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Велес во државата и надвор од неа, како и за развој и поддршка на спортовите во подем.

(предлог) Програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2027 година		
	НАЗИВ	**Предвидени средства**
1	**СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ**	**2.508.000,00**
1.1.	Поддршка на спортски турнири и натпревари	300.000,00
1.2.	Поддршка на активности на Спортско здружение „Спортски игри” за организација на Велешки Спортски игри 2027	600.000,00
1.3.	Поддршка на активности на Железничко спортско друштво Боречки клуб ЖБК-Борец, Велес	60.000,00
1.4.	Фудбалски турнир во рамки на одбележување на 5 јуни, Света Троица, с. Иванковци, Велес	34.000,00
1.5.	Фудбалски турнир во рамки на одбележување на 5 јуни, Света Троица, с. Мамутчево, Велес	34.000,00
1.6.	Меморијален турнир во мал фудбал „Гоце Коцевски”	100.000,00
1.7.	Турнир во мал фудбал во с. Горно Оризари	50.000,00
1.8.	Поддршка на активности на Здружение на рекреативни риболовци и спортски клуб „Металург”, Велес	30.000,00
1.9.	Поддршка на активности на Здружение на спортски риболовци „Бабуна”, Велес	30.000,00

1.10	Поддршка на активности на Здружение на Спортско рекреативен риболовен клуб „Кркушка”, Велес	30.000,00
1.11.	Поддршка на активности на Здружение Спортско рекреативен риболовен клуб ЗСРРК „Професионал тим”, Велес	30.000,00
1.12.	Поддршка на активности на Младински велосипедски клуб „Велес”, Велес, за организација на меѓународна велосипедска трка „Трофеј" 2027	60.000,00
1.13.	Поддршка на активности на Тениски клуб „Борец“, Велес за организација на Отворено првенство на Македонија во тенис „Велес опен 2027”	60.000,00
1.14.	Меморијален турнир во тенис „Трајче Црвенпанов-Црвен“	50.000,00
1.15.	Поддршка на активности на ЗГ Кошаркарски клуб „Борец - ветерани”, Велес за организација на 18. Меморијален кошаркарски турнир	30.000,00
1.16.	Поддршка на Извиднички одред „Димитар Влахов”, Велес за организирање на Вардарска регата „Гемиџии“ 2027	350.000,00
1.17.	Атлетска трка „Трчаме за Рацин“ во организација на Атлетска федерација на Северна Македонија	300.000,00
1.18.	Поддршка на Сојуз на спортови на Велес за организација на манифестацијата „Избор на најдобар спортист и спортска екипа” за 2027 година	150.000,00
1.19.	Поддршка на активности на Здружение на спортски ветерани, Велес за организација на турнир на ракометни великани „Велес 2027” по повод 9 Ноември, Денот на Општина Велес	50.000,00
1.20.	Поддршка на Здружение на граѓани Мото клуб „Мото Велес” за организација на ендуро-трка	50.000,00
1.21.	Поддршка на активности на Велосипедски клуб „Нова бајк”	30.000,00
1.22.	Поддршка на Здружение Мото клуб „Хард Ендуро Тим”, Горно Оризари, Велес, за организација на мотокрос трка во Горно Оризари, Велес	50.000,00
1.23.	Поддршка на активности на ПД „Гемиџии ‘903“	30.000,00
2	**ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ СОЈУЗИ**	**810.000,00**
2.1.	Поддршка Сојуз на училишни спортови	350.000,00
2.2.	Поддршка на општински фудбалски сојуз	400.000,00
2.3.	Организирање и учество на општински, регионални и државни првенства на инвалидизирани лица	60.000,00
3	**ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ**	**7.835.000,00**
3.1.	Поддршка на квалитетен спорт - надомест за користење на спортски објекти	2.000.000,00
3.2.	Поддршка на младински екипи - надомест за користење на спортски објекти	600.000,00
3.3.	ГОК „Борец”, Велес	900.000,00
3.4.	Кошаркарски клуб „Борец – Баскет”, Велес	900.000,00
3.5.	АД ФК „Борец 1919” АД, Велес	600.000,00
3.6.	Здружение ФК „Превалец“, Велес	150.000,00
3.7.	ФК „Тополка“	75.000,00
3.8.	КМФ„Кеги моби Велес“	200.000,00
3.9.	ГОК „Борец“- жени	200.000,00
3.10.	ЗГ Одбојкарски клуб „Виола волеј”, Велес	60.000,00
3.11.	ЗГ РК „Гемиџии спорт 2025”	150.000,00
3.12.	ЗГ Одбојкарски клуб „Борец ветерани”	80.000,00
3.13	ЗГ ФК „Борец јуниор“ Велес	60.000,00
3.14.	Поддршка на спортисти за учество на балкански, европски и светски првенства и олимписки игри	300.000,00
3.15.	Поддршка и тековно одржување на спортската сала „Гемиџии”	1.200.000,00
3.16.	Одржување на помошно спортско игралиште – Трансфер кон ОФС	300.000,00
3.17.	Набавка на опрема и поддршка на активности на Здружение пингпонгарски клуб Патриот галакси , с.Горно Оризари- Велес	30.000,00

3.18.	Набавка на опрема и поддршка на активности на Здружение пингпонгарски клуб „Борец- тим“, Велес	30.000,00
4	**ИНВЕСТИЦИИ**	**16.352.191,00**
4.1.	Основен проект за реконструкција на спортска сала „Гемиџии“ - Општина Велес - ФАЗА 1	12.552.191,00
4.2.	Реконструкција на спортска сала „Гемиџии” – фаза 2	3.800.000,00
ВКУПНО		**27.505.191,00**

III ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес од соодветни спортски сојузи во државата, од Министерството за спорт, од спонзорства и донации.

IV ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства, Општина Велес спортските манифестации ќе ги помага и со:

- Почесно покровителство;
- Доделување награди и признанија;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање кампањи за промовирање на здравиот начин на живот;
- Организирање анкети за да се утврди јавниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

V ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/15
13.11.2026 година
В е л е с

Бр.432

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К

за објавување Заклучок за донесување Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/15
13.11.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2027 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/16
13.11.2026 година
В е л е с

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 22, став 1, точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 25 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а на предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11. 2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2027 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Поддршка на работата на Локалниот младински совет на Општина Велес, преку реализација на активности за учење и развој на членовите на Локалниот младински совет, со цел иницирање на активности поврзани со колективниот развој на младите во градот и друго;
- Создавање услови за поддршка на младински организации и организации за млади со цел реализирање на активности чија целна група се младите од Општина Велес;
- Поддршка на работата на Младинскиот центар во Општина Велес, со цел афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

II.

АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Општина Велес на младите ќе им помага преку:

- Поддршка во реализирање активности согласно Националната Стратегија за млади, Програмата за работа на Локалниот младински совет и Младинскиот центар, како и преку учество во партнерски проекти со организации за млади и младински организации кои делуваат на локално и национално ниво, во тесна соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади, младински чадор организации, Делегацијата на Европската унија, други меѓународни и национални организации и слично.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон поддржување на младинскиот активизам, негово проширување и надградување.

(предлог) Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2027 година		
Бр.	**Назив**	**Предвидени средства**
1	**АКТИВНОСТИ**	**600.000,00**
1.1.	Поддршка на активности на Локален младински совет на Општина Велес	100.000,00
1.2.	Поддршка на активности на Младински центар во Велес	500.000,00
	ВКУПНО	**600.000,00**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес, спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2027 година, доколку е потребно ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства, Општина Велес активностите на младите ќе ги помага и со:

- Доделување награди и признанија;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање кампањи за потенцирање на потребата од вклучувањето на младите во ЛЕР, професионална ориентација и подобрување на стандардот за живеење;
- Организирање анкети за утврдување на интересот и насочување на сферите на делување на општината.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/16
13.11.2026 година
В е л е с

Бр.433

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за донесување Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/16
13.11.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2027 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2027 година.

1. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/17
13.11.2026 година
В е л е с

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 22 став 1, точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 49, став 3 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.239/22) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2027 година

- **ЦЕЛИ**

Основни цели на оваа Програма се:

- Соработка со граѓанскиот сектор во согласност со можностите;
- Создавање услови за поддршка при реализирање на активности на граѓаните и здруженијата на граѓани;
- Афирмација на Општина Велес како општина со висок степен на соработка со граѓанскиот сектор.

- **АКТИВНОСТИ**

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси. Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

- Сочувување на континуитетот и продлабочување на соработката со претставниците на граѓанскиот сектор;
- Обезбедување просторни услови за работа на здруженија на граѓани;
- Давање поддршка на проекти и проектни идеи кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани;
- Создавање можности на здруженијата на граѓани за остварување соработка и добивање на грантови и финансиски средства од меѓународни организации и институции;
- Воспоставување соработка со здруженија на граѓани од различни интересни групи на делување;
- Поддршка на Здруженија што го афирмираат Велес во државата и надвор од неа.

Во областа на поддршката на граѓанскиот сектор, активностите на Општина Велес ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

(предлог) Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2027 година		
Бр.	**Назив**	**Предвидени средства**
1	**АКТИВНОСТИ**	**1.930.000,00**
1.1.	Учество во реализација на проекти со граѓански организации и поддршка на програмски активности	250.000,00
1.2.	Поддршка на Балетско студио „Анабела”, Велес за активности и учество на домашни и меѓународни натпревари во модерни танци	120.000,00
1.3.	Поддршка на активности на Здружение за дејности од културата и уметноста „Арт Окарина”, Велес	200.000,00
1.4.	Поддршка на ЗГ „Велес бајкинг”, Велес за организација на 13. Фестивал на отворено „АЗОТ мтб предизвик 2027”	30.000,00
1.5.	Поддршка на активности на Извиднички одред „Димитар Влахов”, Велес	60.000,00
1.6.	Поддршка на Стрип центар на Македонија - Велес за организација на 24. Меѓународен салон на стрип „Велес 2027” и 9. Меѓународна Стрип колонија „Велес 2027”	90.000,00

1.7.	Поддршка на активности на ЗГ „Мовембер” за организација на настан за промоција на грижата за машкото здравје	60.000,00
1.8.	Поддршка на активности на ЗГ „Акцијаш – Ветерани”, Велес	60.000,00
1.9	Поддршка на активности на ЗГ за доброволна работа „Велешки акцијаши”, Велес	60.000,00
1.10	Поддршка на рекреативен велосипедски настан „Велес мтб тоур 2027“ во организација на ЗГ „Велес бајкинг“, а во рамки на Фестивалот на велешка пита и вино 2027	100.000,00
1.11	Изложба на историски автомобили олд тајмери, ЗГ „Кингс оф д стридс”	60.000,00
1.12	Поддршка на активности на Ансамбл „Керамичар”	100.000,00
1.13	Поддршка на активности на ФА „Вила Зора”	100.000,00
1.14	Поддршка на активности на КУД „Коле Неделковски”	100.000,00
1.15	Поддршка на активности на ЗГ „Мовембер” за организација на Стрит фуд фестивал	200.000,00
1.16	Поддршка на ЗГ Мото клуб „Носачи на крстот”, за организирање на гимкана и спора трка	50.000,00
1.17	Поддршка на активности на Организација на резервни офицери на Република Северна Македонија Општинска организација Велес (ОРОРСМ-Велес)	20.000,00
1.18	Поддршка на ЗГ „Лума фест”, Велес, за организација на фестивал „Лума”	150.000,00
1.19	Поддршка на активности на ЗГ Клуб на писатели „Коста Солев Рацин”, Велес	20.000,00
1.20	Поддршка на активности на ЗГ„Разбој”, Велес	30.000,00
1.21	Поддршка на активности на Здружение за заштита на човековите права на прогонетите од Егејскиот дел на Македонија „Ѕвезда”, Велес	40.000,00
1.22	Поддршка на активности на ЗГ Младинско драмско - поетско студио „Премиера”, Велес	30.000,00
ВКУПНО		**1.930.000,00**

- **ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес, спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2027 година, доколку е потребно ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

- **ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

Освен со финансиски средства, Општина Велес ќе ги помага активностите на граѓанскиот сектор со:

- Покровителство;
- Доделување награди и признанија;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање трибини, форуми, дебати и слично на теми што се од јавен интерес;
- Поддршка при организирање кампањи;
- Организирање анкети за утврдување на интересот и насоките кон сферите на делување на општината.

- **ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Број 09-4756/17 Даниел Јаневски с.р.
13.11.2026 година
В е л е с

Бр.434

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К

за објавување Заклучок за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/17 Градоначалник
13.11.2026 година на Општина Велес
Велес Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2027 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Број 09-4756/18 Даниел Јаневски с.р.
13.11.2026 година
В е л е с

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес
во областа на информатичката
технологија во 2027 година

I. Цели

Активностите во програмата на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ), во текот на 2027 година ќе бидат насочени кон обезбедување на континуитет во работата и надградба на Информатичкиот систем, остварување на целите дефинирани во рамки стратешките документи, планирање и усогласување со националните стратегии за ИКТ.

Стратешките цели се дефинирани во неколку приоритетни области, од кои најважни се:

- намалување на трошоците во работењето;
- подобрување на квалитетот на услугите.

Главните активности кои треба да придонесат за остварување на стратешките цели сеподелени во неколку сегменти:

- континуирано одржување на целокупната оперативност на информатичко -
комуникацискиот систем на општината;
- постојано модернизирање на хардверската инфраструктура и примена на современиалатки за подобрување на тековното работење;
- создавање на услови и креирање на еднонасочни и двонасочни услуги за граѓанитебазирани на примена на светските стандарди во оваа област.

II. Активности

Проектните активности се во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ стратегии и локалните развојни стратегии. Во реализацијата на проектните активности искористено е стекнатото искуство на општината во областа на ИКТ.

Дел од проектите, вклучуваат:

	Активности на Општина Велес за 2027 година	
	НАЗИВ	**Предвидени средства**
ЕА	**Набавка на софтвер и хардвер**	
1.	Набавка на информартичка опрема (компјутери, сервери, принтери, мрежна опрема,)	800.000
2.	Набавка на софтвер и лиценци SQL/ VEEAM)	300.000
3.	Одржување на видео надзор на територија на Општина Велес	150.000
Е0	**Тековно одржување**	
1.	Тековно одржување или надградби на хардвер и системски софтвер (Server,Exchange, SQL, ISS)	700.000
2.	Тековно одржување на принтери и докуп на гаранции	300.000

3.	Тековно одржување на агрегат	150.000
4.	Трошоци за одржување на апликации од трети лица, хостирање и хостирани услуги(gohost / marnet / edusoft / mbs / foxit …)	600.000
5.	Набавка на ГИС услуги за Општина Велес и модул за автоматско генерирање на Извод од план	800.000
	Вкупно	**3.800.000**

III. Финансирање

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 3.800.000,00 денари ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Велес за 2027 година.

IV. Завршни одредби

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/18
13.11.2026 година
В е л е с

Бр.435

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за донесување План на програма за развој (Реконструкција на Противпожарен дом и пропратни објекти) во 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување План на програма за развој (Реконструкција на Противпожарен дом и пропратни објекти) во 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/18
13.11.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К

за донесување План на програма за развој(Реконструкција на Противпожарен дом и пропратни објекти) во 2027 година

1.Советот на Општина Велес го донесе Планот на програма за развој(Реконструкција на Противпожарен дом и пропратни објекти) во 2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес", а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/19
13.11.2026 година
В е л е с

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ

Име на буџетска програма	Капитални расходи за противпожарна заштита	Ознака на буџетска/општинска програма	ЊА
Развојна потпрограма	РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРОТИВПОЖАРЕН ДОМ И ПРОПРАТНИ ОБЈЕКТИ	Ознака на развојна потпрограма	ЊАН
Лице за контакт	дги Снежана Дервишова и дги Веса Смилева	Тел. и телефакс	043-232-406
Функција:	советници во одделение за комунални работи и сообраќај	Е-маил	snezana.dervisova@veles.gov.mk

	ОПИС
Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)	**Општа цел:** Главна цел на овој проект е реконструкција на противпожарниот дом и пропратните објекти (2 објекти кои ги користи противпожарната единица на Општина Велес и просторот околу нив). Со ова ќе се реконструираат објекти изградени во 1978 година, кои до сега не биле предмет на реконструкција. **Специфична цел 1:** Реконструкција на главниот објект на противпожарниот дом со гаражата, со замена замена на целата дотраена кровна конструкција со нова и поставување на фотонапонски панели за производство на електрична енергија од обновливи извори; **Специфична цел 2:** Зголемена енергетска ефикасност: замена на сите постоечки врати и прозори со нови ПВЦ и поставување на енергетски ефикасна фасада на целиот објект; **Специфична цел 3:** Реконструкција на внатрешни простории според барањата и потребите на вработените, со проширување на соблекувалните, спалните соби, како и изградба на ново, внатрешно купатило за вработените со посебен санитарен чвор; **Опис:** На парцелата постојат 2 објекти: зграда 1 - противпожарен дом со гаражи, зграда 2 - која во моментотов се користи за издавање на патни исправи и сл. и партер, односно просторот околу постоечките објекти (подна и зелена површина во границите катастарската парцела). Противпожарниот дом заедно со соседниот објект и бетонската кула која била со намена за откривање на потенцијални пожари во градот, (а во исто време се користи и за обука на противпожарната единица) се објекти изградени во 1978 година. Поради староста и амортизацијата на објектите, оштетените пристапи и влезови, влезните рампи, постоечките дворни и бетонски површини и слично, потребна е нивна реконструкција, адаптација и обнова според новите барања и стандарди. Истата единица е одговорна и за интервенции за сите потенцијални пожари и други итни случаи и за Општина Чашка, како и за Општина Градско.
Планирани активности	Активности што ќе се реализираат со овој проект се: **1. Зграда бр. 1 (противпожарен дом со гаражи)** - Реконструкција на кровна конструкција и поставување на фотонапонски панели; - Замена на сите постоечки врати и прозори со нови ПВЦ; - Реконструкција на внатрешни простории; - Промена на подната и sидната подлога на објектот; - Промена на електричната инсталација; - Замена со нов или репарација на постоечкиот котел и топловоден систем; - Промена на влезните врати во гаражата со нови (роло) врати; - Поставување на ограда на мостот кој ги поврзува објект 1 и 2 и - Комлетна реконструкција на гаражата позади главниот објект 2. **Зграда бр. 2 (објект во кој привремено се даваат патни исправи)** Реконструкцијата и преадаптацијата предвидува: - Замена на кровната конструкција од салонитни табли и поствување на фотонапонски панели; - Замена на постоечките врати и прозорци, како и поставување на нова фасада; - Промена на подната и sидната подлога на објектот; - Промена на електричната инсталација и - Поставување на нови грејни тела и поставување нова инсталација за греење која ќе биде поврзана со парниот котел. 3. **Простор околу постоечките објекти (подна и зелена површина во границите на катастарската парцела)** Реконструкцијата и уредувањето на просторот околу постоечките објекти опфаќа: - Поставување на заштитна метална ограда; - Поставување на нова влезна врата на електричен погон; - Поставување на влезна врата на административниот влез; - Реконструкција на постоечкиот одводен канал (покривање и поврзување со градската атмосферска канализација и - Изведба на нов одвод на отпадни води од просторот каде се перат возилата. Решавањето на партерното уредување околу објектите согласно потребите на врботените во единицата го опфаќа следново, и тоа: - Простор за

Очекувани резултати / ефекти	**Очекувани резултати:** **Р 1.** Подобрени услови за работа и престој на пожарникарите; **Р 2.** Подобрени услови за обука на самите пожарникари; **Р 3.** Можност за спорт и рекреација на самите пожарникари во кругот на ПП домот; **Р 4.** Прилагодување и проширување на просторот за потребите на противпожарната служба. **Очекувани ефекти:** Со реконструкцијата се добива современо место, според стандарди, за обука, престој и одмор на пожарникарите.
Ризик и претпоставки	Клучни ризици во фазата на имплементација на проектот се неповолни временски услови со енормни врнежи кој ќе го спречи времено реализацијата на проектот. Мерки за ублажување на ризиците се реорганизација на проектните активности со цел да се реализираат според утврдената временска рамка
Датум на започнување со имплементација на проектот	2025 год.
Датум на завршување на проектот	2026 год.
Вкупна вредност	25.534.906 денари
Име на студија	ГП - Основен проект за реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти - фаза архитектура, техн. број 0166-11/22 од ноември 2022 година
Ниво на студија*	1. Основен проект за реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти - фаза архитектура, техн. број 0166-11/22 од ноември 2022 година, поткрепен со: 2. Основен проект за реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти - фаза електрика техн. број 0166-11/22 од ноември 2022 година; 3. Основен проект за реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти - фаза вододовод и канализација, техн. број 0166-11/22 од ноември 2022 година; 4. Основен проект за реконструкција на противпожарен дом и пропратни објекти - фаза машинство, техн. број 0166-11/22 од ноември 2022 година; 5. Извештај од извршена ревизија на основен проект, техн. број 0304-472/22 од декември 2022 година; 6. Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, техн. број 0166-11/22 од ноември 2022 година и 7. Имотен лист бр.1105-17098/2022 од 20.12.2022 година.
Автор/Фирма, седиште	Проектната документација е изготвена од ДГППУ ТИПИНГ ДООЕЛ со техн. бр. 0166-11/22 од ноември 2022 година. Техничка контрола на техничката документација е извршена од страна на ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ПРОИЗВОДСТВО ТРГОВИЈА И УСЛУГИ МЕДИА ИНГ со техн. бр. 0304-472/22 од декември 2022 година.
Датум на изготвување на проектна документација	2022 година

Индикатори		2026	2027	2028	2029
Број на корисници	Должина на регулирано речно корито	број на спортски натпревари	Број на очувани стари занаети				

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (студија)
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект
ПФС=Пред-физибилити студија
ФС=Физибилити студија

Број 09-4756/10
13.11.2026 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
- Одделение за поддршка на градоначалникот;
- Одделение за јавни дејности;
- Одделение за финансиски прашања и
- Списи и архива.

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

Извор на финансирање	Статус на финансирање*	Динамика на финансирање						
		Вкупен износ на проектот во МКД	Потрошено заклучно со 31/12/2025	Предвидени расходи за 2026	2027	2028	2029	По 2029 година
1	2	3	4	5	6	7	8	9
Буџет (637)		0						
Буџетско учество		2771724			2771724			
ДДВ								
Самофинансирање (787)								
Вкупни донации								
Име на донатор**								
Име на донатор**								
Вкупни заеми								
Име на кредитор**								
Име на кредитор**								
Други извори на финансирање ***		22763182		5106981	17656201			
Вкупно		20427925	0	0	20427925	0	0	0

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

Бр.436

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К

за објавување Заклучок за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/19
13.11.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К

за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2027 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/20
13.11.2026 година
В е л е с

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 5 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19) член 4, став 2 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15,71/16,106/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21, 124/25, 148/26 и 212/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе

П Р О Г Р А М А

за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2027 година

I. Цели

Основните цели на оваа Програма ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето, како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни состојби и други несреќи во мир.

Основни цели на оваа програма се:

- заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;
- заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;
- создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;
- обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;
- обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита

II. Активности

Активностите ќе бидат насочени кон обезбедување услови за квалитетно, брзо и законито спроведување на активностите и ќе се остваруваат преку:

- Територијалната противпожарна единица која дејствува на територијата на Општина Велес, согласно Законот за пожарникарството, ќе ги покрива и подрачјата на соседните општини Чашка и Градско, кои немаат формирано сопствена противпожарна единица;
- Штабот за заштита и спасување,
- Просторните сили за заштита и спасување и
- Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Велес.

- заедничките интереси и активности во овие области, кои претставуваат активности од јавен интерес.

Со цел за навремено, ефикасно и организирано спроведување на активностите од областа на заштитата и спасувањето, Општина Велес и во 2027 година ќе продолжи со континуирана соработка со надлежните државни органи од областа на заштитата и спасувањето и тоа:

- Дирекцијата за заштита и спасување;
- Центарот за управување со кризи;
- Министерството за одбрана и
- други надлежни органи и тела.

III. Финансирање

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на РСМ;
- Средства од Буџетот на Општина Велес;
- Наплатени премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;
- Средства од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии;
- Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари;
- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица и
- Приходи од други општини

IV. Финансиски план

Ред. Бр.	Активности	Предвидени средства
1.	**Комунални услуги, греење, комуникации и транспорт**	**1.900.000**
1.1	Електрична енергија	250.000
1.2	Вода , канализација и ѓубретарина	250.000
1.3	Други комунални услуги	10.000
1.4	Течни горива-нафта за греење	700.000
1.5	Трошоци за интернет и др. комуникација	270.000
1.6	Горива и масла	270.000
1.7	Регистрација на моторни возила	150.000
2.	**Поправки и тековно одржување**	**1.080.000**
Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К

за донесување План на програма за развој(Изградба на потпорен ѕид на КП 7519/1, КО Велес позади станбена зграда на ул. „Благој Ѓорев“ бр.125 - Општина Велес) во 2027 година

1.Советот на Општина Велес го донесе Планот на програма за развој(Изградба на потпорен ѕид на КП 7519/1, КО Велес позади станбена зграда на ул. „Благој Ѓорев“ бр.125 - Општина Велес) во 2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/26
13.11.2026 година
В е л е с

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

ПЛАН НА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ

Име на буџетска програма	Капитални расходи за други комунални услуги	Ознака на буџетска/општинска програма	ЈЛ
Развојна потпрограма	Изградба на потпорен ѕид на КП 7519/1, КО Велес позади станбена зграда на ул. „Благој Ѓорев“ бр.125 - општина Велес	Ознака на развојна потпрограма	ЈЛК
Лице за контакт	дги Снежана Дервишова и дги Веса Смилева	Тел. и телефакс	043-232-406
Функција:	советници во одделение за комунални работи и сообраќај	Е-маил	snezana.dervisova@veles.gov.mk

	ОПИС
Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)	Општа цел: Целта на овој проект е изработка на потпорен ѕид кој воедно ја потпира и улицата која се наоѓа над него. Имено, постоечкиот ѕид е стар неколку децении и не одговара на постоечката состојба. Исто така, со овој стар потпорен ѕид постои можност и за лизгање на земјиштето. Ширината на потпорниот ѕид е 50 см, додека висината е променлива, со рамномерен пад и се движи од 2,85 м. до 3,60 м. со темел со висина од 0,60 м. Темелот е несиметрично поставен во однос на ѕидот (во вид на чизма) на барање на инвеститорот. Специфична цел 1: Подобрување на безбедносната состојба па улицата што се наоѓа над потпорниот ѕид. Специфична цел 2: Подобрување на безбедносната состојба на објектите под потпорниот ѕид, кои излегуваат и гравитираат на главната улица „Благој Ѓорев“. Специфична цел 3: Зголемена фреквенција на возила на горната улица (над потпорниот ѕид).
Планирани активности	Програмата ги предвидува следните планирани активности: Превземање на сите претходни подготвителни работи; земјани работи; бетонски и армирачки работи.

Очекувани резултати / ефекти	**Очекувани резултати**: Р 1. Изграден потпорен ѕид со ширина од 50 цм и висина од 2.8 до 3.6 метри Р 2. Зголемување на безбедноста на самата улица Р3.Избегнување на можноста за лизгање на земјиштето Р4.Зголемување на безбедноста на објектите на главната улица Благој Ѓорев **Очекувани ефекти:** Бебедна горна улица и безбеден сообраќај по нејзе
Ризик и претпоставки	Клучни ризици во фазата на имплементација на проектот се појава на непредвидени ситуации, кои не се предвидени со реконструкцијата, а произлегле со почетокот на работа на објектот (од тип на цевки кои мора да се заменат а не биле предвидени). Мерки за ублажување на ризиците се реорганизација на проектните активности со цел да се реализираат според утврдената временска рамка.
Датум на започнување со имплементација на проектот	2025 год
Датум на завршување на проектот	2027 год
Вкупна вредност	1.238.778,61 денари
Име на студија	Основен проект за изградба на потпорен ѕид на КП 7519/1, КО Велес позади станбена зграда на ул. „Благој Ѓорев“ бр.125 - општина Велес, техн. бр. 02-10/2020, октомври 2020 година;
Ниво на студија*	Потребна техничка документација: 1. Основен проект за изградба на потпорен ѕид на КП 7519/1, КО Велес позади станбена зграда на ул. „Благој Ѓорев“ бр. 125 - општина Велес, техн. бр. 02-10/2020, октомври 2020 година; 2. Предмер предсметка за изградба на потпорен ѕид на КП 7519/1, КО Велес позади станбена зграда на ул. „Благој Ѓорев“ бр. 125 - општина Велес; 3. Решение за градење на потпорен ѕид УП бр. 1309-131 од 22.09.2021 година; 4. Ревидентски извештај од извршениот преглед на техничката документација Основен проект за изградба на потпорен ѕид на КП 7519/1, КО Велес позади станбена зграда на ул. „Благој Ѓорев“ бр.125 - општина Велес, техн. бр. РЕ - 12/21 од јуни 2021 година и 5. Имотен лист бр.30727, КО Велес, КП 7519/1 и потребни дозволи и согласности.
Автор/Фирма, седиште	Проектната документација е изготвена од ИНТ Глобал Инженеринг АВ ДООЕЛ Битола со технички број: 02–10/2020. Ревидентскиот извештај од извршениот преглед на техничката документација Основен проект за изградба на потпорен ѕид на КП 7519/1, КО Велес позади станбена зграда на ул. „Благој Ѓорев“ бр. 125 - општина Велес со техн. бр. РЕ – 12/21.
Датум на изготвување на проектна документација	2020 година

Индикатори		2025	2026	2027	2028
Број на корисници	Должина на регулирано речно корито	број на спортски натпревари	Број на очувани стари занаети		

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (студија)
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија
ФС=Физибилити студија

Број 09-4756/26
13.11.2026 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
- Одделение за поддршка на градоначалникот;
- Одделение за финансиски прашања;
- Одделение за комунални работи и сообраќај и
- Списи и архива.

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

Извор на финансирање	Статус на финансирање*	Динамика на финансирање						
		Вкупен износ на проектот во МКД	Потрошено заклучно со 31/12/2024	Предвидени расходи за 2025	2026	2027	2028	По 2028 година
1	2	3	4	5	6	7	8	9
Буџет (637)								
Буџетско учество								
ДДВ								
Самофинансирање (787)								
Вкупни донации								
Име на донатор**								
Име на донатор**								
Вкупни заеми								
Име на кредитор**								
Име на кредитор**								
Други извори на финансирање ***	министерство за транспорт	1238779		0	247755	991024		
Вкупно		1238779	0	0	247755	991024	0	0

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

Бр.443

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К

за објавување Заклучок за донесување План на програма за развој (Основен проект за реконструкција на ул. „Гоце Делчев“ во с. Отовица, Општина Велес) во 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување План на програма за развој(Основен проект за реконструкција на ул. „Гоце Делчев“ во с. Отовица, Општина Велес) во 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/26
13.11.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна

Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К
за донесување План на програма за развој(Основен проект за реконструкција на ул. „Гоце Делчев“ во с. Отовица, Општина Велес) во 2027 година

1.Советот на Општина Велес го донесе Планот на програма за развој(Основен проект за реконструкција на ул. „Гоце Делчев“ во с. Отовица, Општина Велес) во 2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/27
13.11.2026 година
В е л е с

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

ПЛАН НА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ

Име на буџетска програма	Капитални расходи за други комунални услуги	Ознака на буџетска/општинска програма	ЈД
Развојна потпрограма	Основен проект за реконструкција на ул. „Гоце Делчев“ во с. Отовица, општина Велес	Ознака на развојна потпрограма	ЈДИ
Лице за контакт	дги Снежана Дервишова и дги Веса Смилева	Тел. и телефакс	043-232-406
Функција:	советници во одделение за комунални работи и сообраќај	Е-маил	snezana.dervisova@veles.gov.mk

	ОПИС
Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)	Општа цел: Целта на овој проект е реконструкција на улиците Гоце Делчев“ проширување на коловозот, изведба на тротоари од едната страна, одведување на атмосферските води со цел да се заштити основата на патот од оштетувања, како и санирање на проблемите предизвикани од возилата, но и инфраструктрата (телекомункациска, комунална, водоводна инфраструктура) градена покрај овој пат. Реконструкцијата со проектот опфаќа 2 делници: предмер-пресметка од км.0+000 до км 2+828.36 и предмер-пресметка од км.2+839.29 до км 3+992,95. Со проектот за реконструкција на оваа улица-пат ќе се создадат услови за нормално функционирање на локалната патна мрежа која е во голема мера оштетена од секојдневното користење и од приклучување на новоизградените објекти на комуналната инфраструктура (довод, одвод, електрика, ПТТ, кабелски оператори и др.) Многу често се случува интервентно да се вршат прекопи на улици поради отстранување на дефекти во постоечките подземни водови. Специфична цел 1: Подобрување на состојбите со уличната (патна) мрежа - реконструкција на постоечката инфраструктура во вкупна должина од 3,9 km . Со реконструкцијата ќе се добие нов лик на најоштетените делови од сообраќајницата, ќе се подобри уличната инфраструктура на улицата (која е главен пат) во рурална средина, каде уличната мрежа е најоштетена и ќе се создадат услови за непречено одвивање на сообраќајот и безбеност на сите учесници во сообраќајот (граѓани, трговци, минувачи и др.) Специфична цел 2: Подобрување на безбедноста на учесниците во сообраќајот и безбедно поврзување на две села. Имено, оваа улица е истовремено и пат до село Сујаклари. Специфична цел 3 . Бидејќи самата улица поминува низ средината долж селото, нејзината реконструкција обезбедува полесен, асфалтиран пристап за жителите до своите домови.
Планирани активности	Програмата ги предвидува следните планирани активности: А.1.1. Реконструкција на улицата „Гоце Делчев“ во должина од 3.9 км односно нов пат меѓу 2 населени места; А.1.2. проширување на патот од 3,9 м. на 4,5 м. онаму каде што постојат реални можности за тоа, како и одредени проширувања со цел полесно разминување на возилата; А.1.3. Ископ и демонтирање на сообраќајните знаци, риголи, бетонските канали, шахти за рушење на ѕидови од тула, камен или бетон, рушење на постоечките коловозни конструкции; А.1.4. Решавање на одводнувањето на постојната улица кое не било решено, од причини што самите мештани се штителе од атмосферските води на начин како што им одговарало.

Очекувани резултати / ефекти	**Очекувани резултати:** Р 1. Изградени вкупно 3,9 км улична-патна инфраструктура во руралниот дел од општината; Р 2. Полесно движење на мештаните и полесен пристап до градот и до езерото Младост кое е во непосредна близина; Р3.Подобрена безбедност на учесниците во сообраќајот, особено на мештаните, бидејќи овие две села се во непосредна близина на градот Велес, на околу 8км. оддалеченост. **Очекувани ефекти:** Со реконструкцијата на најоштетените делови од локалната патна мрежа низ овие две села ќе се подобри квалитетот на животот на скоро 450 жители (315 Отовица и 125 Сујаклари), ќе се зајакне локалната економија со обезбедување на безбеден и непречен пристап до локалните бизниси. Проектот е од особено значење за поврзување на веќе реконструирана патна мрежа, поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација и со тоа ќе се подобри безбедноста на пешаците и останатите учесници во сообраќајот. На овој начин во голема мера се подобрува животот на населнието од овие две села.
Ризик и претпоставки	Клучни ризици во фазата на имплементација на проектот се појава на непредвидени ситуации, кои не се предвидени со реконструкцијата, а произлегле со почетокот на работа на објектот, како и неповолни временски услови кои можат да ја одолговлечат реализацијата на проектот. Мерки за ублажување на ризиците се реорганизација на проектните активности со цел да се реализираат според утврдената временска рамка.
Датум на започнување со имплементација на проектот	2025 год
Датум на завршување на проектот	2027 год.
Вкупна вредност	74.337.213,57 денари
Име на студија	ГП 1 Основен проект за реконструкција на ул. „Гоце Делчев“ во с. Отовица, општина Велес, тех. број: ОП – 51/22
Ниво на студија*	Потребна техничка документација: Основен проект за реконструкција на ул. „Гоце Делчев“ во с. Отовица, општина Велес, тех. број: ОП – 51/22; 1.2 Предмер-пресметка од км.0+000 до км 2+828.36; 1.3 Предмер-пресметка од км.2+839.29 до км 3+992,95 1.2.1 Предмер – пресметка за с.Отовица и с.Сујаклари со бр.08-1360/2 од 21.02.2025 година; 1.4 Завршна ревизија за Проект за реконструкција на ул. „Гоце Делчев“ с. Отовица – Општина Велес тех. број: ОП – 51/22; 1.5 Имотен лист бр.4 за КО Отовица (КП 624 и КП 1006/1) и 1.6 Имотен лист бр.57 за КО Сојаклари (КП 635/2, КП 944 и КП 963)
Автор/Фирма, седиште	Проектната документација е изготвена од Друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ Проект ДООЕЛ Скопје за Основен проект за реконструкција на ул. „Гоце Делчев“ во с. Отовица, општина Велес, тех. број: ОП – 51/22. Ревизијата на Основен проект за реконструкција на ул. „Гоце Делчев“ во с. Отовица, општина Велес е извршена од Балкан Консалтинг доо од Скопје.
Датум на изготвување на проектна документација	2022 година

2025	2026	2027	2028

Индикатори	Број на реконструирани улици	Должина на реконструиран уличен систем	сообраќајни незгоди , број на интервенции на сообраќајна полиција и постапување на сообраќаен инспетор	Број на новоотворени бизниси				

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (студија)
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија
ФС=Физибилити студија

Број 09-4756/27
13.11.2026 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
- Одделение за поддршка на градоначалникот;
- Одделение за финансиски прашања;
- Одделение за комунални работи и сообраќај и
- Списи и архива.

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

		Динамика на финансирање						
Извор на финансирање	**Статус на финансирање***	**Вкупен износ на проектот во МКД**	**Потрошено заклучно со 31/12/2024**	**Предвидени расходи за 2025**	**2026**	**2027**	**2028**	**По 2028 година**
1	2	3	4	5	6	7	8	9
Буџет (637)		0		0	0	0		
Буџетско учество ДДВ								
Самофинансирање (787)								
Вкупни донации								
Име на донатор**								
Име на донатор**								
Вкупни заеми								
Име на кредитор**								
Име на кредитор**								
Други извори на финансирање ***	министерство за транспорт	74337214		0	28785501	45551713		
Вкупно		74337214		0	28785501	45551713	0	0

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

Бр.444

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К

за објавување Заклучок за донесување План на програма за развој(Основен проект локален пат Велес –Чалошево, Општина Велес) во 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување План на програма за развој(Основен проект локален пат Велес –Чалошево, Општина Велес) во 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/27
13.11.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К

за донесување План на програма за развој(Основен проект локален пат Велес –Чалошево, Општина Велес) во 2027 година

1.Советот на Општина Велес го донесе Планот на програма за развој(Основен проект локален пат Велес –Чалошево, Општина Велес) во 2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/28
13.11.2026 година
В е л е с

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

ПЛАН НА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ

Име на буџетска програма	Капитални расходи за други комунални услуги	Ознака на буџетска/општинска програма	ЈД
Развојна потпрограма	Основен проект локален пат Велес – Чалошево, општина Велес	Ознака на развојна потпрограма	ЈДН
Лице за контакт	дги Снежана Дервишова и дги Веса Смилева	Тел. и телефакс	043-232-406
Функција:	советници во одделение за комунални работи и сообраќај	Е-маил	snezana.dervisova@veles.gov.mk

	ОПИС
Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)	**Општа цел:** Основна цел на проектот е целосна реконструкција и санација на локален пат од спојот со уличната мрежа на Велес кај преминот на железничката пруга кон населбата Речани и понатаму до селото Чалошево како крајна стационажа, кој во периоди на атмосферски врнежи е поплавуван на одредени места поради нерешените падови и одводнување и со наноси од материјал донесени покрај патот. Исто така, проблем на патот е и движењето на товарни возила за кои коловозната конструкција не е диомензионирана и се јавуваат оштетувања кои се манифестираат како испукување на асфалтот. Целта на овој проект е реконструкција на локалниот пат, проширување на коловозот, изведба на тротоари од едната страна, одведување на атмосферските води со цел да се заштити основата на патот од оштетувања, како и санирање на проблемите предизвикани од возилата, но и инфраструктрата (телекомункациска, комунална, водоводна инфраструктура) градена покрај овој пат. Сето ова ќе ја олесни комуникацијата на жителите од населбата Речани и селото Чалошево. **Специфична цел 1**: Подобрување на состојбите со локалната (патна) мрежа - реконструкција на постоечката инфраструктура; дел +000,00-0+988,84 се предвидува реконструкција на локалниот патен правец Велес-Чалошево како завршна делница од претходно изработениот проект до стационажа 2+638,82 како почетна стационажа 0+000,00 до влезот на селото Чалошево; **Специфична цел 2**: Подобрување на безбедноста на учесниците во сообраќајот преку безбедно поврзување на населбата со градот; **Специфична цел 3:** Самиот локален пат обезбедува поврзување на жители на една насла и едно село со градот, овозможувајќи полесен пристап до самиот град.
Планирани активности	Програмата ги предвидува следните планирани активности: А.1.1. Реконструкција на локалниот пат - местење на нов асфалт со што по овој пат ќе може да се движат и возила од класа Д; А.1.2. Проширување на патот онаму каде што постојат реални можности за тоа, како и одредени проширувања со цел полесно разминување на возилата; А.1.3.Одведување на атмосферските води и заштита на долниот строј на патот (предвидено е да се изведе со рабници и ригола формирана од асфалтот за одведување на атмосферските води); А.1.4. Местење на нови банкини на коловозот

Очекувани резултати / ефекти	**Очекувани резултати:** Р 1. Изградени вкупно 1,7 км улична-патна инфраструктура во приградскиот, рурален дел од општината; Р 2. Олеснето движење на мештаните и полесен пристап до градот и до езероМладост, кое е во непосредна близина; Р3. Подобрена безбедност на учесниците во сообраќајот, особено на мештаните, бидејќи оваа населба е во непосредна близина на градот Велес, на оддалеченост од 3-4 км. **Очекувани ефекти:** Со реконструкцијата на најоштетените дел од локалната патна мрежа ќе им се подобри квалитетот на живот на жителите од оваа приградска населба, ќе се зајакне локалната економија со обезбедување на безбеден и непречен пристап до локалните бизниси. Проектот е од особено значење за поврзување со веќе реконструирана патна мрежа, поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација со подобрување на состојбите со сообраќајот, а со тоа ќе се подобри безбедноста на пешаците и останатите учесници во сообраќајот. На овој начин во голема мера се подобрува животот на населнието од оваа населба.
Ризик и претпоставки	Клучни ризици во фазата на имплементација на проектот се појава на непредвидени ситуации, кои не се предвидени со реконструкцијата, а произлегле со почетокот на работа на објектот, како и неповолни временски услови кои можат да ја одолговлечат реализацијата на проектот. Мерки за ублажување на ризиците се реорганизација на проектните активности со цел да се реализираат според утврдената временска рамка.
Датум на започнување со имплементација на проектот	2025 год
Датум на завршување на проектот	2027 год.
Вкупна вредност	64.432.263,61 денари
Име на студија	Основен проект локален пат Велес - Чалошево општина Велес, со тех. бр 01-05/2018 година и Основен проект локален пат Велес-Чалошево - дел 0+000,00-0+988,84 општина Велес тех.бр 03-01/2025 од јануари 2025 година
Ниво на студија*	1. Основен проект локален пат Велес - Чалошево општина Велес, со тех. бр 01-05/2018 година; 1.1 Предмер со пресметка за прва делница с.Чолошево 1.1.2 Предмер – пресметка за прва делница с.Чолошево, со бр.08-1360/3 од 21.02.2025 година; 1.2. Конечен ревидентски извештај од извршен преглед на Основен проект за локален пат Велес – Чалошево, Општина Велес со тех. бр. 01 – 05/2018 година; 1.3. Елаборат за заштита на животната средина, Скопје, Јуни 2020 година; 1.4. Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина бр. 08-2784/2 од 02.09.2020 година; 1.5. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци за одобрение за реконструкција на локален пат кон село Чалошево бр. 0802- 237/61 од 29.07.2020 година; 1.6. Имотен лист бр. 42 за КО Чалошево 2.1. Основен проект локален пат Велес-Чалошево - дел 0+000,00-0+988,84 општина Велес тех.бр 03-01/2025 од јануари 2025 година 2.2 Предмер со пресметка за остана делница с.Чолошево 2.2.1 Предмер – пресметка за останата делница с.Чолошево, со бр.08-1360/4 од 21.02.2025 година; 2.3 Извештај од извршена равизија на проектна документација на Основен проект за локален пат Велес – Чалошево, - дел 0+000,00-0+988,84 Општина Велес, со бр.11-25-Р од февруари 2025 година.

Автор/Фирма, седиште	Проектната документација е изготвена од „Аква –Инг" Штип за Основен проект локален пат Велес - Чалошево општина Велес, со тех. бр 01-05/2018 година и за Основен проект локален пат Велес-Чалошево - дел 0+000,00-0+988,84 општина Велес тех.бр 03-01/2025 од јануари 2025 година. Извештајот од извршена ревизија на проектна документација е изготвен од друштво за градежништво, архитектура, проектирање, инженеринг и дизајн „Пиластер" со бр. 11-25-Р. Елаборатот за заштита на животна средина е изготвен од друштво за техничко испитување, анализа, контрола на квалитет и квантитет и консалтинг ЕУРОМАК КОНТРОЛ ДОО Скопје, а геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци за одобрение за реконструкција на локален пат кон село Чалошево, КО Велес е изработен од друштво за геодетски работи ГЕОБИРО БОРЧЕ ДООЕЛ Велес.
Датум на изготвување на проектна документација	2018 и 2025 година

Индикатори					2025	2026	2027	2028
	Број на реконструирани улици	Должина на реконструиран уличен систем	сообраќајни незгоди , број на интервенции на сообраќајна полиција и постапување на сообраќаен инспетор	Број на новоотворени бизниси				

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (студија)
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија
ФС=Физибилити студија

Број 09-4756/28
13.11.2026 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
- Одделение за поддршка на градоначалникот;
- Одделение за финансиски прашања;
- Одделение за комунални работи и сообраќај и
- Списи и архива.

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

Извор на финансирање	Статус на финансирање*	Динамика на финансирање						
		Вкупен износ на проектот во МКД	Потрошено заклучно со 31/12/2024	Предвидени расходи за 2025	2026	2027	2028	По 2028 година
1	2	3	4	5	6	7	8	9
Буџет (637)					0	0		
Буџетско учество								
ДДВ								
Самофинансирање (787)								
Вкупни донации								
Име на донатор**								
Име на донатор**								
Вкупни заеми								
Име на кредитор**								
Име на кредитор**								
Други извори на финансирање ***	Министерство за транспорт	64432264		0	12886453	51545811		
Вкупно		64432264	0	0	12886453	51545811	0	0

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

Бр.445

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К

за објавување Заклучок за донесување План на програма за развој(Основен проект за реконструкција на влез во село Иванковци) во 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување План на програма за развој(Основен проект за реконструкција на влез во село Иванковци) во 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/28
13.11.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К

за донесување План на програма за развој(Основен проект за реконструкција на влез во село Иванковци) во 2027 година

1.Советот на Општина Велес го донесе Планот на програма за развој(Основен проект за реконструкција на влез во село Иванковци) во 2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/29
13.11.2026 година
В е л е с

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

ПЛАН НА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ

Име на буџетска програма	Капитални расходи за други комунални услуги	Ознака на буџетска/општинска програма	ЈД
Развојна потпрограма	Основен проект за реконструкција на влез во село Иванковци	Ознака на развојна потпрограма	ЈДЈ
Лице за контакт	дги Снежана Дервишова и дги Веса Смилева	Тел. и телефакс	043-232-406
Функција:	советници во одделение за комунални работи и сообраќај	Е-маил	snezana.dervisova@veles.gov.mk

	ОПИС
Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)	**Општа цел:** Целта на овој проект е реконструкција на влез кон с. Иванковци со завршен слој асфалт кој е во лоша состојба и со сообраќајно решение на хоризонтална и вертикална сигнализација. **Специфична цел 1:** Подобрување на состојбите со уличната (патна) мрежа - реконструкција на постоечката инфраструктура во вкупна должина од 880 м. **Специфична цел 2:** Подобрување на безбедноста на учесниците во сообраќајот преку безбедно поврзување на селото со локалниот пристапен пат. **Специфична цел 3:** Овозможен пристап по асфалтиран пат на жителите до своите домови, бидејќи улицата минува низ самото село. **Специфична цел 4:** Атмосферските води од коловозот зафатени во постојна атмосферска канализација (доколу постои) и додадени сливници каде што има потреба. Со реализација на овој проект ќе се овозможи полесна, побрза и побезбедна поврзаност жителите од ова населено место со која корист ќе имаат 639 локални жители (според последниот попис) на делот од селските гробишта до сред село Иванковци (околу 880м). Предлог-проектот ќе обезбеди оптимално техничко, економско и сообраќајно решение. Со проектот за реконструкција на оваа улица ќе се создадат услови за нормално функционирање на локалната патна мрежа, којашто е во голема мера оштетена од секојдневното користење.
Планирани активности	Програмата ги предвидува следните планирани активности: А.1.1. Реконструкција на улицата влез во селото во должина од 880 односно делот од селските гробишта до сред село; А.1.2. Атмосферските води од коловозот ќе се зафатат во постојна атмосферска канализација доколу постои и се предвидуваат сливници каде што има потреба; А.1.3. припремни работи за средување на долниот и горниот строј.
Очекувани резултати / ефекти	**Очекувани резултати:** Р 1. Изградени вкупно 880 м улична-патна инфраструктура во руралниот дел од општината; Р 2. Полесно движење на мештаните и полесен пристап до градот и подобрување на локална патна мрежа; Р3. Подобрена безбедност на учесниците во сообраќајот, особено на мештаните, бидејќи ова села е во непосредна близина на градот Велес, на оддалеченост од 8км. **Очекувани ефекти:** Со реконструкцијата на најоштетените делови од локалната патна мрежа на ова село ќе им се подобри квалитетот на живот на 635 жители, ќе се зајакне локалната економија со обезбедување на безбеден и непречен пристап до локалните бизниси. Проектот е од особено значење за поврзување на веќе реконструирана патна мрежа, поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација со подобрување на состојбите со сообраќајниот пристап до градот и со тоа ќе се подобри безбедноста на пешаците, возачите како и останатите учесници во сообраќајот. На овој начин во многу се подобрува животот на населението од ова село.
Ризик и претпоставки	Клучни ризици во фазата на имплементација на проектот се појава на непредвидени ситуации, кои не се предвидени со реконструкцијата, а би произлегле со почетокот на работа на објектот, како и неповолни временски услови кои можат да ја одолговлечат реализацијата на проектот. Мерки за ублажување на ризиците се реорганизација на проектните активности со цел да се реализираат според утврдената временска рамка.
Датум на започнување со имплементација на проектот	2025 год
Датум на завршување на проектот	2026 год.
Вкупна вредност	13.965.460,48 денари
Име на студија	ГП 1 . Основен проект за реконструкција на влез во село Иванковци, техн. бр. 07/24-07 од јули 2024 година; 2. Ревидентски извештај од извршениот преглед на техничката документација основен проект за реконструкција на влез во село Иванковци, тех бр. ре –173/24, јули 2024 година
Ниво на студија*	Потребна техничка документација: Основен проект за реконструкција на влез во село Иванковци, техн. бр. 07/24-07 од јули 2024 година; 2. Ревидентски извештај од извршениот преглед на техничката документација основен проект за реконструкција на влез во село Иванковци, тех бр. ре –173/24, јули 2024 година; 3. Имотен лист бр. 244 КО Иванковци за КП 3416/1 и 4. Решение за реконструкција со бр.1309-07/6 од 20.02.2025 година.
Автор/Фирма, седиште	Проектната документација е изготвена од Друштво за ревизија, надзор и проектирање Вертекс архитектура ДОО Скопје за Основен проект за реконструкција на влез во село Иванковци, техн. бр. 07/24-07 од јули 2024 година. Ревидентскиот извештај од извршен преглед на техничката документација ТЕХ БР. РЕ –173/24 е изготвен од МГ Проект ДООЕЛ Скопје.
Датум на изготвување на проектна документација	2024 година

2025	2026	2027	2028

Индикатори	Број на реконструирани улици	Должина на реконструиран уличен систем	сообраќајни незгоди , број на интервенции на сообраќајна полиција и постапување на сообраќаен инспетор	Број на новоотворени бизниси				

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (студија)
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија
ФС=Физибилити студија

Број 09-4756/29
13.11.2026 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
- Одделение за поддршка на градоначалникот;
- Одделение за финансиски прашања;
- Одделение за комунални работи и сообраќај и
- Списи и архива.

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

		Динамика на финансирање						
Извор на финансирање	**Статус на финансирање***	**Вкупен износ на проектот во МКД**	**Потрошено заклучно со 31/12/2024**	**Предвидени расходи за 2025**	**2026**	**2027**	**2028**	**По 2028 година**
1	2	3	4	5	6	7	8	9
Буџет (637)								
Буџетско учество ДДВ								
Самофинансирање (787)								
Вкупни донации								
Име на донатор**								
Име на донатор**								
Вкупни заеми								
Име на кредитор**								
Име на кредитор**								
Други извори на финансирање ***	Министерство за транспорт	13965460		0	13109132	856328		
Вкупно		13965460	0	0	13109132	856328	0	0

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

Бр.446

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за донесување План на програма за развој(Основен проект за реконструкција на влез во село Караслари) во 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување План на програма за развој (Основен проект за реконструкција на влез во село Караслари) во 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/29
13.11.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К
за донесување План на програма за развој(Основен проект за реконструкција на влез во село Караслари) во 2027 година

1.Советот на Општина Велес го донесе Планот на програма за развој(Основен проект за реконструкција на влез во село Караслари) во 2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/30
13.11.2026 година
В е л е с

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

ПЛАН НА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ

Име на буџетска програма	Капитални расходи за други комунални услуги	Ознака на буџетска/општинска програма	ЈД
Развојна потпрограма	Основен проект за реконструкција на влез во село Караслари	Ознака на развојна потпрограма	ЈДК
Лице за контакт	дги Снежана Дервишова и дги Веса Смилева	Тел. и телефакс	043-232-406
Функција:	советници во одделение за комунални работи и сообраќај	Е-маил	snezana.dervisova@veles.gov.mk

	ОПИС
Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)	**Општа цел:** Целта на овој проект е реконструкција на влез кон с. Караслари со завршен слој асфалт кој е во лоша состојба и со сообраќајно решение на хоризонтална и вертикална сигнализација. **Специфична цел 1:** Подобрување на состојбите со уличната (патна) мрежа преку реконструкција на постоечката инфраструктура во вкупна должина од 650 м. **Специфична цел 2:** Подобрување на безбедноста на учесниците во сообраќајот преку безбедно поврзување на селото со локалниот пристапен пат. **Специфична цел 3:** Обезбедено асфалтно поврзување на жителите до своите домови. **Специфична цел 4:** Атмосферските води од коловозот ќе се зафатат во постојна атмосферска канализација (доколу постои), со предвидени сливници каде што има потреба, како и изградба на тротоар на одреден потег на патот од бензиската пумпа Макпетрол до сред село со ширина од 1.5 м. Со реализација на овој проект ќе се овозможи полесна, побрза и побезбедна поврзаност за 460 жители од Макпетрол до сред село во должина од околу 650 м. со оптимално техничко, економско и сообраќајно решение. Со проектот за реконструкција на оваа улица ќе се создадат услови за нормално функционирање на локалната патна мрежа која што е во голема мера оштетена од секојдневното користење.
Планирани активности	Програмата ги предвидува следните планирани активности: А.1.1. Реконструкција на влез кон село Караслари од Макпетрол до сред село во должина од околу 650 м; А.1.2. Зафаќање на атмосферските води од коловозот и изградба на тротоар на одреден потег од Макпетрол до сред село со ширина од 1.5 м. или помала, во зависност од постојните теренските услови А.1.3. припремни работи за средување на долниот и горниот строј.
Очекувани резултати / ефекти	**Очекувани резултати:** Р 1. Изградени вкупно 650 м. улична-патна инфраструктура во руралниот дел од општината Р 2. Олеснето движење на мештаните и полесен пристап до градот и подобрување на локалната патна мрежа Р3. Подобрена безбедност на учесниците во сообраќајот, особено на мештаните, бидејќи ова село е во непосредна близина на градот Велес, на оддалеченост од 8км. **Очекувани ефекти:** Со реконструкцијата на најоштетените делови од локалната патна мрежа на ова село ќе им се подобри квалитетот на живот на 460 жители, ќе се зајакне локалната економија со обезбедување на безбеден и непречен пристап до локалните бизниси. Проектот е од особено значење за поврзување на веќе реконструирана патна мрежа, поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација со подобрување на состојбите со сообраќајниот пристап до градот со зголемена безбедноста на пешаците, возачите како и останатите учесници во сообраќајот. На овој начин во голема мера се подобрува животот на населението од ова село.
Ризик и претпоставки	Клучни ризици во фазата на имплементација на проектот се појава на непредвидени ситуации, кои не се предвидени со реконструкцијата, а би произлегле со почетокот на работа на објектот, како и неповолни временски услови кои можат да ја одолговлечат реализацијата на проектот. Мерки за ублажување на ризиците се реорганизација на проектните активности со цел да се реализираат според утврдената временска рамка.
Датум на започнување со имплементација на проектот	2025 год
Датум на завршување на проектот	2027 год.
Вкупна вредност	7606534,29 денари
Име на студија	ПП 1 . Основен проект за реконструкција на влез во село Каласлари, техн. бр. 07/24-08 од јули 2024 година; 2. Ревидентски извештај од извршениот преглед на техничката документација основен проект за реконструкција на влез во село Караслари, тех бр. ре –174/24;
Ниво на студија*	Потребна техничка документација: Основен проект за реконструкција на влез во село Каласлари, техн. бр. 07/24-08 од јули 2024 година; 2. Ревидентски извештај од извршениот преглед на техничката документација основен проект за реконструкција на влез во село Караслари, тех бр. ре –174/24; 3. Имотен лист бр. 67 КО Караслари, КП 1559/2 и 4. Решение за реконструкција бр. 1309-08/6 од 20.02.2025 година.
Автор/Фирма, седиште	Проектната документација е изготвена од друштво за ревизија, надзор и проектирање ВЕРТЕКС архитектура ДОО Скопје за Основен проект за реконструкција на влез во село Каласлари, техн. бр. 07/24-08 од јули 2024 година, а ревидентски извештај од извршена ревизија на техничка документација е изготвен од страна на друштво за проектирање, инженеринг, трговија и услуги МГ ПРОЕКТ ДООЕЛ СКОПЈЕ.
Датум на изготвување на проектна документација	2024 година

2024	2025	2026	2027

Индикатори	Број на реконструирани улици	Должина на реконструиран уличен систем	сообраќајни незгоди , број на интервенции на сообраќајна полиција и постапување на сообраќаен инспетор	Број на новоотворени бизниси				

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (студија)
ИП = Идеен проект
ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија
ФС=Физибилити студија

Број 09-4756/30
13.11.2026 година
В е л е с

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Доставено до:
- Одделение за поддршка на градоначалникот;
- Одделение за финансиски прашања;
- Одделение за комунални работи и сообраќај и
- Списи и архива.

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

Извор на финансирање	Статус на финансирање*	Динамика на финансирање: Вкупен износ на проектот во МКД	Потрошено заклучно со 31/12/2024	Предвидени расходи за 2025	2026	2027	2028	По 2028 година
1	2	3	4	5	6	7	8	9
Буџет (637)								
Буџетско учество								
ДДВ								
Самофинансирање (787)								
Вкупни донации								
Име на донатор**								
Име на донатор**								
Вкупни заеми								
Име на кредитор**								
Име на кредитор**								
Други извори на финансирање ***	министерство за транспорт	7606534		0	1521307	6085227		
Вкупно		7606534	0	0	1521307	6085227	0	0

** Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).*

*** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поделно.*

****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (локална самоуправа, јавните претпријатија, регионални центри, невладини организации и др.)*

Бр.447

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К

за донесување Заклучок за донесување План на програма за развој(Основен проект за реконструкција на влез во село Мамутчево) во 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување План на програма за развој(Основен проект за реконструкција на влез во село Мамутчево) во 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/30
13.11.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К
за донесување План на програма за развој(Основен проект за реконструкција на влез во село Мамутчево) во 2027 година

1.Советот на Општина Велес го донесе Планот на програма за развој(Основен проект за реконструкција на влез во село Мамутчево) во 2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/31
13.11.2026 година
В е л е с

ПРИЛОГ 3

Образец В 1

ПЛАН НА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ

Име на буџетска програма	Капитални расходи за други комунални услуги	Ознака на буџетска/општинска програма	ЈД
Развојна потпрограма	Основен проект за реконструкција на влез во село Мамутчево	Ознака на развојна потпрограма	ЈДЛ
Лице за контакт	дги Снежана Дервишова и дги Веса Смилева	Тел. и телефакс	043-232-406
Функција:	советници во одделение за комунални работи и сообраќај	Е-маил	snezana.dervisova@veles.gov.mk

	ОПИС
Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)	**Општа цел:** Целта на овој проект е реконструкција на влез кон с. Мамутчево со завршен слој асфалт кој е во лоша состојба и со сообраќајно решение на хоризонтална и вертикална сигнализација. **Специфична цел 1:** Подобрување на состојбите со уличната (патна) мрежа преку реконструкција на постоечката инфраструктура во вкупна должина од 400 м **Специфична цел 2:** Подобрување на безбедноста на учесниците во сообраќајот преку безбедно поврзување на селото со пристапен пат. **Специфична цел 3:** Поврзување на домовите на локалните жители со асфалтиран пристап до патот. **Специфична цел 4:** Зафаќање на атмосферските води од коловозот во постојна атмосферска канализација доколу постои со предвидени сливници каде што има потреба, како и изградба на тротоар на одреден потег со широчина од 1,50м. или помала, во зависност од постојните теренски услови. Со реализација на овој проект ќе се обезбеди полесна, побрза и побезбедна поврзаност на 234 жители на дел од раскрсница кон Мамутчево до училишната зграда, во должина од околу 400м. Со проектот за реконструкција ќе се создадат услови за нормално функционирање на локалната патна мрежа која што е во голема мера оштетена од секојдневното користење.
Планирани активности	Програмата ги предвидува следните планирани активности: **А.1.1.** Реконструкција на патот - дел од раскрсница кон Мамутчево до училишната зграда, во должина од околу 400м ; **А.1.2.** Зафаќање на атмосферските води од коловозот во постојна атмосферска канализација доколу постои со предвидени сливници каде што има потреба, како и изградба на тротоар на одреден потег со широчина од 1,50м. или помала, во зависност од постојните теренски услови **А.1.3**. Припремни работи за средување на долниот и горниот строј

Очекувани резултати / ефекти	**Очекувани резултати:** **Р 1.** Изградени вкупно 4000 м. улична-патна инфраструктура во руралниот дел од општината; **Р 2.** Олеснето движење на мештаните, полесен пристап до градот и подобрена локална патна мрежа; **Р3.** Подобрена безбедност на учесниците во сообраќајот, особено на мештаните, бидејќи ова село е во непосредна близина на градот Велес. **Очекувани ефекти:** Со реконструкцијата на најоштетените делови од локалната патна мрежа на ова село ќе им се подобри квалитетот на живот на 234 жители, ќе се зајакне локалната економија со обезбедување на безбеден и непречен пристап до локалните бизниси. Проектот е од особено значење за поврзување на веќе реконструираната патна мрежа, поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација со подобрување на состојбите со сообраќајниот пристап до градотшто ќе ја зголеми безбедноста на пешаците, возачите и останатите учесници во сообраќајот. На овој начин во голема мерка се подобрува животот на населението од ова село.
Ризик и претпоставки	Клучни ризици во фазата на имплементација на проектот се појава на непредвидени ситуации, кои не се предвидени со реконструкцијата, а би произлегле со почетокот на работа, како и неповолни временски услови кои можат да ја одолговлечат реализацијата на проектот. Мерки за ублажување на ризиците се реорганизација на проектните активности со цел да се реализираат според утврдената временска рамка.
Датум на започнување со имплементација на проектот	2025 год
Датум на завршување на проектот	2027 год.
Вкупна вредност	8.125.107,30 денари
Име на студија	ГП 1.Основен проект за реконструкција на влез во село Мамутчево, техн. бр. 07/24-09 од јули 2024 година; 2. Ревидентски извештај од извршениот преглед на техничката документација основен проект за реконструкција на влез во село Мамутчево, тех бр. ре –175/24
Ниво на студија*	1. Основен проект за реконструкција на влез во село Мамутчево, техн. бр. 07/24-09 од јули 2024 година; 2. Ревидентски извештај од извршениот преглед на техничката документација основен проект за реконструкција на влез во село Мамутчево, тех бр. ре –175/24; 3. Имотен лист бр. 96, КО Мамутчево, КП 869/1; 4. Имотен лист бр. 98, КО Мамутчево, КП 1533 и 5. Имотен лист бр. 823, КО Мамутчево, КП 1526/1 и 6. Решение за реконструкција бр. 1309-12/6 од 21.02.2025 година.
За објекти за кои до донесување на Законот за локална самоуправа има склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни решенија за локациски услови, помеѓу корисниците на земјиштето и Општина Велес и во меѓувреме се поништени решенијата за локациски услови, а е издадена нова заверена проектна документација, ново настанатите односи ќе се регулираат со анекс договор кон основниот договор помеѓу Општината и корисникот на земјиштето. За истото корисникот на земјиштето е должен да достави документ - дека во предходниот период документацијата му била поништена.

Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, оверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа; овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест; а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, на еднакви месечни рати и процентуално учество од вкупниот износ

со обезбедување на инструмент (клаузула) во Договорот за сигурна динамика и гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат "прагови" врзани во зависност од висината на долгот и рокот на одложеното плаќање кои се формирани на следниов начин:

- За вкупен износ на надоместокот до 50.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа при склучување на договорот во целост.
- За вкупен износ на надоместокот од 50.000,оо до 150.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.
  За вкупен износ на надоместокот над 150.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 30% при склучување на договорот, а остатокот од 70% ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.

Во поглед на одложено плаќање, присилна наплата, каматата и застареноста на обврската за плаќање ќе се користи клаузулата од Договорот помеѓу Инвеститорот и Органот на Општината надлежен за уредување на градежно земјиште .

8. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Општината ја финансира изработката на техничка документација за инфраструктурни објекти.

Во изработката на претходно наведената документација може да се вклучат и заинтересирани правни и физички лица според важечката законска регулатива.

9. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства.

Опремувањето на земјиштето се врши по добивање на Одобрение за градење на објекти од комуналната инфраструктура.

10. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Велес. Доколку се врши прераспоредувањето на средствата на работите од една во друга позиција во износ до 5 % да го информира Советот на општина Велес, а за поголемо прераспоредување на средства да предложи донесување на одлука од страна на Советот на општина Велес.

Комисијата за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес" , а ќе се применува од 01.01.2027 година".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/40
13.11.2026 година
В е л е с

Бр.457

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К

за објавување Заклучок за донесување Програма за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2026 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2026 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/40
13.11.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К

за донесување Програма за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2026 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2026 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/41
13.11.2026 година
В е л е с

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22, став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 18-та седницата одржана на ден 13.11.2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за дополнување на Програма
за изработка на Урбанистички планови
во Општина Велес во 2026 година

Во Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2026 година („Службен гласник на Општина Велес” бр.17/26, 02/26, 06/26 и 11/26), се врши дополнување и тоа:

Во глава II –„Планирање”, во точка 3 „ Планирани за изработка“ после точка 46 се додава реден број 47 со следната содржина:

47	Планска програма за изработка на ДУП за дел од УЕ 1, дел од УБ 7, плански опфат помеѓу ул. АСНОМ (Моша Пијаде), граница со УБ 8, граница со УБ 9, граница на зона со намена Б/В и зона со намена Е 1.2, граница со УБ 2 и граница со УБ 1Б, КО Велес од Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9, Општина Велес, во синхронична постапка	Приватна иницијатива

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/41
13.11.2026 година
В е л е с

Бр.458

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К

за објавување Заклучок за донесување Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/41
13.11.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2027 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/42
13.11.2026 година
В е л е с

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22, став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 40 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 18-та седницата одржана на ден 13.11.2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за изработка на урбанистички планови во Општина Велес во 2027 година

I В О В Е Д

Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес е Годишна програма и претставува основа за уредувањето и опремувањето на градежното земјиште.
Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина преку кое ќе се овозможи отворање на нови локации за:

- А - домување и престој
- Б - деловни и комерцијални намени
- В - јавни дејности и институции
- Г - производство, рударство, енергетика и индустрија
- Д – зеленило, рекреација и меморијални простори
- Е – инфраструктури
- Ревизија на постојниот и планираниот сообраќај

Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на нов ГУП.
- Измена и дополнување на ДУП - ови, како и изработка на нови ДУП - ови.
- Урбанистички план за село
- Урбанистички планов вон населени места
- Урбанистички проекти

II П Л А Н И Р А Њ Е

Врз основа на Годишната програма за изработка на плановите, Општината (нарачател на планот) склучува Договор со овластена организација за изработка на урбанистички планови (изработувач на планот) за плановите што ги финансира Општината.
Со договорот се утврдува (Програма) содржината на планот, роковите за изработка, начин на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изработувачот на планот.

- Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со:

1. Средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште и средства од надоместот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти;
2. Самофинансирање од страна на заинтересирани правни и физички лица.

3. **Планирани за изработка се следните планови:**

1	ДУП за УЕ I дел од УЗ Васа Кошулчева	43 ha
2	ДУП за УЕ II дел од УЗ Родна Ивева	45 ha
3	ДУП за УЕ III дел од УЗ Димче Мирчев	41 ha
4	ДУП за УЕ IV дел од УЗ Богдан Каракостев	79 ha
5	ДУП за УЕ V дел од УЗ Трајко Панов	34,32 ha
6	ДУП за УЕ VI дел од УЗ Девети Ноември	52,57 ha
7	ДУП за УЕ VII дел од УЗ Алексо Демниевски	133,46ha
8	ДУП за УЕ VIII дел од УЗ Славе Петков	56, 27 ha
9	ДУП за УЕ IX дел од УЗ Трајко Капчев	62,17 ha
10	ДУП за УЕ X дел од УЗ Шорка	73,62 ha
11	ДУП за УЕ XI дел од УЗ Керамидна	67,12 ha
12	ДУП за УЕ XII дел од УЗ Тунел	36,47 ha
13	УПВНМ со намена Д3 – спорт и рекреација со компатибилни намени на КП 18/1, мв Бела Вода, КО Башино Село-вгр, Општина Велес	
14	УПВНМ со намена А4.3 – семејни викенд куќи на дел од КП 18/23, мв Бела Вода, КО Башино Село-вгр, Општина Велес	
15	УПВНМ со намена А4.2 – градби за времено сместување со компатибилни намени од група на класа на намен Б2 и Д 1, Д2 и Д3 на КП 1187, КО Отовица, Општина Велес.	
16	Хидролошка студија за определување на големи води на Отовичка Река во с. Отовица	
17	УПС за село Горно Оризари	
18	УПС за село Црквино	
19	УПС за село Отовица	

4. Планови во постапка од 2026 год.:

1	Генерален урбанистички план за Велес, Општина Велес	1522,83 ha
2	Измена и дополна на ГУП за дел од УЕ1, УБ 7 и УБ 9 и ДУП за дел од УБ 9 - помеѓу ул.„АСНОМ“ (Моша Пијаде), ул. „Алексо Демниевски “ и ул. „ Новопланирана улица 1“ како обединета постапка	
3	ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за бензиска станица 034, дел од УБ 23, УЕ 2	
4	Детален урбанистички план за дел од Урбан блок 43, Урбана единица VII, Општина Велес	
5	Детален урбанистички план за дел од урбан блок 56 и дел од урбан блок 57, урбана единица 11, Општина Велес	
6	Измена и дополнување на дел од Детален урбанистички план за УЕ 5 УБ34, Централно градско потрачје на град Велес, опфат помеѓу ул. “8-ми Септември”, ул. “Архиепископ Михаил” и ул. “Коле Неделковски”, Општина Велес	
7	Детален урбанистички план за дел од УБ 36, УЕ VI, Општина Велес	
8	ДУП за централно градско подрачје, дел од УБ 32, дел УЕ 4, Општина Велес	

9	Измена и дополна на детален урбанистички план “Димитар Влахов”, блок 12, дел од УБ 30, УЕ 4, КО Велес	
10	ДУП за УЕ3 дел од УБ 24 и УЕ 10 дел од УБ 52, Градски парк, Општина Велес	
11	Измена и дополна на Детален урбанистички план Велес-Урбан блок 8, Општина Велес	
12	ДУП за УЕ 7 дел од УБ 41, ЦОУ “Васил Главинов” Општина Велес	
13	Детален урбанистички план за дел од УЕ 10, дел од УБ 51	
14	ДУП за дел од УБ 23, УЕ 2 (Железен Мост), ОПШТИНА ВЕЛЕС	
15	ДУП за дел од УБ 29, УЕ4 (Сула Чешма), ОПШТИНА ВЕЛЕС	
16	ДУП за дел од УБ 48 и дел од УБ 49, УЕ 9, (РАМИНА), ОПШТИНА ВЕЛЕС	
17	ДУП за дел од УБ 34, УЕ 5 (Централно градско подрачје) КО Велес, Општина Велес	
18	ДУП за дел од УЕ 1, дел од УБ 7, плански опфат помеѓу ул. АСНОМ (Моша Пијаде), граница со УБ 8, граница со УБ 9, граница на зона со намена Б/В и зона со намена Е 1.2, граница со УБ 2 и граница со УБ 1Б, КО Велес од Измена и дополнување на ГУП за дел од УЕ 1, УБ 7 и УБ 9, Општина Велес, во синхронична постапка	
19	УПВНМ за врмено сместување - викенд населба Башино Село, КО Башино Село вон град, Општина Велес	
20	Измена и дополна на УПВНМ Башино Село МВ Зад Црква, Општина Велес	

III З А В Р Ш Н И О Д Р Е Д Б И

Пред изготвувањето на планот на изготвувачот на планот да му се достави Планска програма која ќе ги содржи сите програмски насоки, потреби и функции кои планот треба да ги содржи. Ова е со цел да се добијат квалитетни планови, а истовремено и планови кои непречено ќе се реализираат.

* * *

Цената на плановите се пресметува по хектар од испланирана површина, по договор со претпријатието лиценцирано за изработка на урбанистички планови, избрано по пат на јавна набавка согласно Законот за јавни набавки.

* * *

Во текот на годината, во зависност од потребите оваа Програма може да претрпи измени и дополнувања.

* * *

Предвидени средства за реализација на програмата се:

Ф10	**Урбанистичко планирање**	**1 600 000 ден**
1	Изработка на урбанистички планови	**1 000 000 ден.**
2	Геодетски услуги (нумерички, ажурирани подлоги и други геодетски услуги)	**100 000 ден.**
3	Комисија за урбанизам	**500 000 ден.**

* * *

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Велес, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/42

13.11.2026 година
В е л е с

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К

за објавување Заклучок за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/42
13.11.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К

за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2027 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес
во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/43
13.11.2026 година
В е л е с

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 точка 1, а во врска со член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2027 година

I. Општините во своја надлежност вршат работи од локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство согласно Законот за локалната самоуправа.

II. Основна цел на Програмата е да се даде придонес на локалниот економски развој преку реализација на планираните активности, со кои би се создале услови за одржлив локален развој како и поквалитетен начин на живот на граѓаните од подрачјето на општина Велес. Програмата е заснована врз потребите и приоритетите на нашите граѓаните кои се нотирани во Стратегијата за локален економски развој 2021-2025, Програма за енергетска ефикасност, План за одржлива урбана мобилност, Стратегија за развој на паметен град и др., изготвени на партиципативен начин/модел со учество на сите засегнати страни, особено со непосредно учество на граѓаните во процесот на планирање, креирање и одлучување (форумски процес), како и во соработка со месните и урбаните заедници, бизнис заедницата, невладините организации и други асоцијации.

III. Одделението за евроинтеграции и локалниот економски развој е одговорно за реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој, во која предложените активности ги насочува кон остварување на усвоените стратешки документи на општината, преку следните приоритети и цели:

- Континуиран развој на капацитетите на општина Велес за привлекување инвестиции, намалување на невработеноста преку развој и реализација на проекти, како и промоција на општината;
- Активна имплементација на добиените и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови;
- Следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Велес;
- Динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства;
- Искористување на расположиви домашни и меѓународни фондови;
- Континуирано подобрување на енергетската ефикасност;
- Зајакнување на административните капацитети за стандарди, обуки и тренинзи за имплементација на проекти и
- Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план.

Програмата може да се изменува и да се дополнува според утврдени приоритети и цели.

IV. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Во оваа програмска активност опфатени се малите и средни претпријатија и занаетчиите, кои претставуваат битна алка во економскиот развој поради што потребно е континуирано да се изнаоѓаат нови стимулативни мерки за основање нови и/или одржување на веќе постоечки форми на бизнис – претпријатија, како што се планира со предвидениот локален фонд за поддршка на локални бизниси, стари занаети и ракотворци. Планираните средства ќе бидат распределени на начин и услови утврдени согласно Правилник за доделување на финансиски средства за спроведување на активности од проекти, иновации, форуми, настани и манифестации од областа на локалниот економски развој. Се планира да се спроведуваат акивности со кои максимално ќе бидат искористени локалните ресурси за раст и развој на претпријатијата, а се со цел јакнење на локалната економија, зголемување на стапката на вработување, како и подобрување на животниот стандард на граѓаните.

Предвидени се директни финансирања за равој на иновации – развој нов продукт/производ, унапреден процес при работењето на МСП на локално ниво, одржување и присуство на бизнис саеми за вмрежување, развој и промоција на локалните бизниси со

цел за проширување на нови пазари, нови партнерства, соработка со други вршители од сродни дејности, како и унапредување на својата конкурентност.

Со субвенционирање на настани и манифестации од областа на занаечиството, како и обуки, ќе се постигне подигнување на вештините и знаењата на младите и на невработените лица (преквалификација и доквалификација).

Поддршка на локалниот економски развој се планира да се реализира со изготвување на информативен и промотиван материјал за можностите за инвестирање.

V. СРЕДСТВА ЗА СОПСТВЕНО УЧЕСТВО И ВИДЛИВОСТ ВО ИМПЛЕМЕТАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Во оваа програмска активност се предвидуваат средства за сопствено учество во проекти на општината, кои се финансирани од надворешни извори (домашни и/или меѓународни програми, домашни и/или странски институции или фондови). Според утврдените правила за аплицирање на одредени проекти се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество како услов за аплицирање за одреден проект.

Истовремено, средствата се наменети и за исполнување на обврските за промоција и видливост на проектите, преку изработка на информативни табли, брошури, веб-страници, промотивни настани и прес-конференции со кои граѓаните транспарентно се информираат за придобивките од странската и домашната помош согласно правилата на донаторите.

Покрај тоа, дел од средствата ќе бидат наменети за обезбедување на долгорочна одржливост на проектните резултати по нивното официјално завршување. Ова подразбира финансирање на активности за тековно одржување на набавената опрема и инфраструктура, континуирана примена на развиените софтверски решенија, како и поддршка на капацитетите кои ќе продолжат да ги испорачуваат услугите за граѓаните, со цел да се осигура траен ефект од реализираните инвестиции во заедницата.

VI. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Развојот на локалниот туризам претставува една од клучните можности за економски и културен напредок на општината. Со поддршка и активна промоција на туристичките потенцијали, општината може да создаде нови можности за вработување, да го зајакне локалното претприемништво и да го промовира својот природен и културен идентитет. Со одржлив и инклузивен развој на општината туризмот ќе придонесе не само за економски раст, туку и за зачувување на природното и културното наследство на заедницата. Планирани се следните програмски активности, и тоа:

- Идентификација и мапирање на туристички атракции – природни убавини, културно наследство, традиционални настани и гастрономија.
- Поддршка на локалните бизниси и занаетчии – преку промотивни настани, саеми и програми за обука.
- Развој на туристичка инфраструктура – патишта, патокази, инфо-табли и дигитална промоција.
- Промоција преку медиуми и социјални мрежи – создавање на туристички бренд на општината и промотивни видеа и брошури.
- Соработка со туристички агенции и невладини организации преку заеднички проекти и учество во национални и европски програми и
- Туристичкото информативно биро.

VII. МЕРКИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ, ОДРЖЛИВА МОБИЛНОСТ И МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

Со цел заштита на животната средина и практична имплементација на зелените агенди, програмата предвидува директни стимулативни мерки за енергетска ефикасност преку субвенционирање на граѓаните за набавка и вградување на соларни термални системи (сончеви колектори).

Оваа активност ја опфаќа и организацијата и техничката поддршка за „Европската недела на мобилност“, преку обезбедување озвучување, промотивни материјали, паркинзи за велосипеди, едукативни содржини и поддршка на алтернативниот транспорт. На полето на меѓуопштинската и руралната соработка, предвидени се средства за поддршка на менаџирањето и развојот на заеднички меѓурегионални проекти преку Центарот за развој

на Вардарскиот плански регион (ВПР), како и поддршка за Локалната акциска група (ЛАГ) за одржлив рурален развој.

VIII. Табеларен приказ на активности и финансиски средства од програмата

	Програма за активностите на Општина Велес во областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој во 2027 година	
Р.Б.	Активност	Буџет на Општина Велес
1.	Финасиско учество (кофинансирање) за реализација на проекти финансирани од надворешни извори	100.000,00
2.	Промоција, видливост и одржливост на проекти	200.000,00
3.	Локален фонд за поддршка на мали бизниси, стари занаети и ракотворци	250.000,00
4.	Поддршка и промоција на локален туризам	250.000,00
5.	Мерки за енергетска ефикасност - Субвенционирање на сончеви колектори	500.000,00
6.	Средствата за менаџирање на проектите за развој на планските региони кои се одобрени за финансирање	50.000,00
7.	Европска недела на мобилност	50.000,00
8.	Поддршка на ЛАГ	8.000,00
9.	Дополнителни средства за финансирање на задачите и активностите на ЦРВПР	1.453.890,00
	ВКУПНО	2.861.890,00

IX. Активностите на Општина Велес од областа на евроинтеграциите и локалниот економски развој утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средства од Буџетот на Општина Велес за 2027 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, странски и домашни донатори, фондови и донации.

X. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Број 09-4756/43 Даниел Јаневски с.р.

13.11.2026 година
В е л е с

Бр.460

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К

за објавување Заклучок за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/43
13.11.2026 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2027 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/44
13.11.2026 година
В е л е с

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 22 став 1 точка 2 и од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на општина Велес” бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година,донесе

П Р О Г Р А М А

за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2027 година

I. Цели

- Воспоставување интегриран мониторинг за утврдување на квалитетот на водите во општината;
- Спроведување Оцена на влијанието врз животната средина при изведба на инфраструктурни проекти и урбанистички планови кои ги донесува општината;

Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општината преку зголемено искористување на еколошки прифатливи извори на енергија и зголемена употреба на велосипедот како превозно средство;

- Подобрување на постојниот систем за управување со отпадот во општината преку имплементација на мерки за редуцирање, реупотреба и рециклирање на отпадот;

II. **Активности**

11. **Мониторинг на квалитетот на водата на локациите за капење** – езеро Младост, река Тополка и река Бабуна, согласно Законот за водите.
12. **Изработка на проектна документација за животната средина:**
    - Елаборати за заштита на животна средина за инсталации, инфраструктурни објекти и други проекти во надлежност на општината,
    - Проектна документација за ремедијација, санација и понатамошна грижа за депонијата за градежен шут и друг отпаден градежен материјал во населба Кермидна во Велес
13. **Согласно Планот за подобрување на квалитет на амбиентниот воздух 2023-2027**, а кои се однесуваат на:
    - субвенционирање на физички лица за купен велосипед,
    - субвенционирање на физички лица за купен клима уред инвертор,
14. **Работно ангажирање на социјално ранливи категории на граѓани преку Јавен Повик** во активности од областа на заштитата на животната средина, јавната чистота и јавното зеленило во општина Велес.
15. **Согласно склучен Договор за донација бр.08-4296/2 од 01.11.2024 год. и Договор за соработка бр.08-4296/1 од 01.11.2024 година, Анекс бр.1 бр.08-972/1 од 04.02.2025 год.**,
    - Трансфер на финансиски средства за надомест на одложена амбалажа во Вендинг машините на Пакомак со цел намалување и рециклирање на отпадот од пластична амбалажа.
16. **Спроведување на активности за подигнување на нови зелени површини, пошумување и уредување на запуштени зелени површини во општината** согласно Оперативната Програма за подигнување на нови зелени површини за 2027 година, како и набавка на саден материјал за пролетно и есенско хортикултурно уредување на општината.

	Проект	Финансиски средства
P10	**Заштита на животната средина и природа**	**9.550.000,00**
1	Анализа на квалитет на водите	200.000,00
2	Проектна документација за животна средина:	
2.1	Елаборати за заштита на животната средина	90.000,00
2.2	Проектна документација за ремедијација, санација и понатамошна грижа за депонијата за градежен шут и друг отпаден градежен материјал	300.000,00
3	Субвенционирање на физички лица- дел од План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух за:	
3.1	купен велосипед	150.000,00
3.2	купен инвертор	750.000,00
4	Исплата на финансиски средства на социјално ранливи категории на граѓани врз основа на склучен Договор за работно ангажирање преку Јавен Повик во активности од областа на заштитата на животната средина, јавната чистота и јавното зеленило во општина Велес	4.400.000,00

5	Трансфер на финансиски средства за надомест на одложена амбалажа во Вендинг машини на Пакомак-согласно Проектна документација за потребите на младите од Општина Велес на Агенцијата за млади и спорт на РСМ	150.000,00
6	Набавка на материјал за хортикултурно уредување и пошумување	3.100.000,00
7	Набавка на потрошен материјал за потребите на лицата ангажирани по Јавен повик за активности од областа на заштитата на животната средина, јавната чистота и јавното зеленило	300.000,00
8	Оперативен план/програма за заштита и спасување од штетно дејство на водите 50.000,00	50.000,00
9	Отстранување на отпадни тонери од објект на општина Велес преку превземање и транспорт до одредена локација од страна на овластен постапувач	60.000,00
РА0	**Заштита на животната средина и природа (капитални расходи)**	**1.500.000,00**
1	Подигнување на нови зелени површини, пошумување и уредување на зелени површини – согласно Оперативната програма за реконструкција и подигнување на нови зелени површини	1.500.000,00
ВКУПНО:		**11.050.000,00**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Вкупните средства од **11.050.000,00** ден. ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Велес за 2027 година, од надоместокот за добивање и поседување на Б-Интегрирани еколошки дозволи, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини и од други такси и надоместоци.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведувањето на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Велес.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник“ а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Број 09-4756/44 Даниел Јаневски с.р.

13.11.2026 година
В е л е с

Бр.461

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 49 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К

за објавување Заклучок за донесување Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година.

Број 08-4757/44 Градоначалник
13.11.2026 година на Општина Велес
Велес Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26),

Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година донесе,

З А К Л У Ч О К

за донесување Програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2027 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес во 2027 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”, а ќе се применува од 01.01.2027 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број 09-4756/45
13.11.2026 година
В е л е с

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ” бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15 и 31/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21, 255/2024 101/2025)и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес (‘Службен гласник на општина Велес” бр.01/26),а по предлог на Градоначалник
Советот на Општина Велес на 18-та седница одржана на ден 13.11.2026 година ја донесе следната

П Р О Г Р А М А

ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО 2027 ГОДИНА

I. СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Програмата на Општина Велес за одржување на јавната чистота е насочена кон одржување на јавната чистота на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти, заради обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на Програмата е да се обезбеди редовно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, како и чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Со оваа програма:

- Се утврдува територијата, распоредот и фреквенцијата за одржување (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти;
- Се утврдуваат основните начини на вршење на работите за одржување на јавната чистота;

- Се утврдува надзор во спроведувањето;
- Се утврдува начинот на финансирање.

III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес ќе ги опфати: јавните површини (улици, тротоари, пристапни патишта, плоштади и уредени отворени простори, крајбрежја, подвозници, надвозници, мостови, паркинг простори, скалила кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, видиковци, автобуски стојалишта и такси станици, гробишта, јавни санитарни јазли и пазари).

Одржувањето на јавната чистота во парковските површини и градското зеленило не е дел од оваа Програма, туку дел од Програмата за одржување на јавното зеленило.

Во спроведувањето на Програмата се изведуваат следните активности:

- рачно и машинско метење на јавните површини,
- миење на јавните површини со цистерна,
- собирање и транспортирање на отпадот од одржување на јавната чистота и негово транспортирање на општинската комунална депонија,
- рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови и
- вонредно одржување.

Согласно Програмата ќе се врши метење на: улици, паркинг простори, плоштади, мостови, видиковци, надвозници и подвозници, пристапни патишта кон градот, јавни скалила кои поврзуваат две улици, крајбрежја, јавни санитарни јазли, пазари и гробишта, автобуски стојалишта и такси станици; миење на улици и паркинг простори; рачно чистење на снег и мраз во зимски услови; со вкупна ефективна површина на одржување од **15.718.192 м^2.**

IV. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за одржување на јавната чистота ќе ја изведува ЈКП "Дервен", преку Сектор Комунална хигиена.

V. АКТИВНОСТИ

При утврдување на јавните површини кои ќе се одржуваат со оваа Програма земени се во предвид: густината на населеност, фреквенцијата на граѓани и сообраќај, социјалните, културните и воспитно-образовните објекти.

VI. ДИНАМИКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

VI.1. МЕТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ

1. МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ

А. Метење на улиците секој ден
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици дополнително од 18.00-21.00 часот.

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење (м^2)	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење (м^2)
8-ми Септември	од Пошта до Стар мост	1300	/
8-ми Септември	Од левата страна тротоар од јавор С`рмаале до Стар мост	/	2100
Страшо Пинџур	/	100	200
Гоце Делчев	/	200	300
Благој Ѓорев	од Пошта до магацин Дервен, плато пред театар и	2200	6435

	пред кафетерии пред касарната од двете страни на улицата		
Вкупно		**3800**	**9035**

Б. Метење на улиците секој ден освен во недела
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.
Метењето на ул. Петре Прличко и Димитар Влахов во пазарни денови (вторник, петок и недела) започнува од 12.00 – 19.00 часот.

УЛИЦА	**ОПИС**	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење ($м^2$)**	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење ($м^2$)**
Алексо Демниевски	од Пошта до Жито Вардар	/	800
Илинденска	до мост Гемиции	300	/
Петре Прличко	од Стар мост до пред Агенција за вработување	713	/
Димитар Влахов	од Градски пазар до Железен мост	1450	1450
Панко Брашнар	/	/	360
Комплекс УЗУС	/	700	/
Вкупно		**3163**	**2610**

В. Метење на улиците три пати седмично
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.
Метењето на ул. Нада Бутникошарова и на ул. 11 Октомври во пазарни денови (вторник, петок и недела) започнува од 12.00 – 19.00 часот.

УЛИЦА	**ОПИС**	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење ($м^2$)**	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење ($м^2$)**
Борис Трајковски	од спој со ул. АСНОМ до спој со ул. Благој Ѓорев	/	1400
Христо Татарчев	/	800	/
Никола Карев	/	700	/
Наум Наумовски Борче	од спој со ул. Алексо Демниевски до спој со ул. Благој Ѓорев	/	400
Нада Бутникошарова	дел	300	/

11 Октомври	Од пазарче во Нова населба до пред споменик Бауман	1000	1000
Вкупно		**2800**	**2800**

Г. Метење на улиците два пати седмично
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

УЛИЦА	**ОПИС**	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење ($м^2$)**	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење ($м^2$)**
Лазо Осмаков и дел од Љубљанска	Љубљанска со нов паркинг простор од спој со ул. Рилски конгрес до раскрсница со ул. Благој Ѓорев	2875	/
Архиепископ Михаил	/	1000	/
Браќа Капчеви со плоштадка и паркинг	/	500	/
Коле Цветков	/	2500	
Вкупно		**6875**	**/**

Д. Метење на улиците еднаш седмично
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

УЛИЦА	**ОПИС**	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење ($м^2$)**	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење ($м^2$)**
Самоборска	/	/	450
Кумановска	/	/	600
Коле Неделковски	/	200	/
8-ми Март	Од Интернат до спој со ул. Андон Шурков	1864	/
Вкупно		**2064**	**1050**

Ѓ. Метење на улици еднаш месечно
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

УЛИЦА	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење ($м^2$)**	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење ($м^2$)**
Вардарска	/	1700
Цар Самоил	240	/
Тодор Христов Офицерчето	/	600
Крсте Мисирков	/	400

Георги Војтех	250	/
Оливер Китановски	/	400
Костурска	/	870
8ма Велешка бригада	/	300
Тодор Јанев	/	400
Орце Мартинов (од ул. Благој Ѓорев до спој со ул. Самоборска)	700	/
Васил Главинов	/	900
Индустриска	/	1200
Ѓоре Органџиев (од Стар Мост до спој со ул. Никола Оровчанец)	1000	/
9ти Ноември	500	/
Кочо Рацин	200	/
Белградска	/	1500
Луј Пастер	/	1000
Јован Алабаков	150	/
Вера Циривири (од спој со ул. Димитар Влахов со спој со ул. Киро Рогужаров)	3200	/
Киро Димов (Витамин)	600	/
Славко Ѓорѓиев Сватот	1100	/
Васа Кошулчева (спој од ул. АСНОМ до ул. Алексо Демниевски)	1500	/
Павел Шатев	/	1500
Алексо Демниевски (од влез на Новиот театар со спој со ул. Алексо Демниевски)	1246	/
Бане Андреев Ронката	/	600
Љубен Весов	800	/
Христо Узунов	250	/
Киро Ќучук (од спој со Белградска до спој со Васил Главинов)	/	400
Жифко Фирфов	/	4500
Орце Шутев и ул.Јовче Чучук до спој со ул.Богдан Каракостев	1100	/
Вкупно	**12836**	**16270**

Е. Метење на улици два пати месечно
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

УЛИЦА	ОПИС	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење ($м^2$)	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење ($м^2$)
Никола Оровчанец	/	1000	/

Методија Андонов Ченто	/	/	1700
Димко Најдов	од Стар мост до видиковец (вклучува и чистење на канал од десната страна на улицата)	/	1000
Алексо Демниевски	од Жито Вардар до Железничка станица	/	1100
Васил Ѓоргов	од раскрсница кон болница до Којник	900	/
АСНОМ	(до надвозник на ул. Андон Шурков)	/	1600
Кирил и Методиј	од ООУ Кирил и Методиј до црква Св. Пантелејмон	500	/
Шефки Сали		300	/
Петре Прличко	Од Агенција за вработување до поранешен Пензионерски дом со скалила кон амбуланта Панче Васков	577	/
ЈХК Џинот	/	300	/
Прохор Пчински	/	500	/
Благој Ѓорев (зад БОС)	/	1300	/
Вкупно		**5377**	**5400**

Ж. Метење на улици четири пати годишно
Од 07.00 – 14.00 часот во зимски период
Од 05.00 – 12.00 часот во летен период
Изведувачот е должен да ги празни и корпите за отпадоци на наведените улици.

УЛИЦА	**ОПИС**	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење ($м^2$)**	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење ($м^2$)**
АСНОМ	од надвозник до МХК Злетово	/	6000
Димче Мирчев	Од Ликовен салон до крај на гаражи	742	/
Индустриска зона (новопроектирана 1 и новопроектирана 10)	/	/	810
Пајак Планина	/	2100	/
Мирка Гинева	/	1700	/
Лазо Трпков	1400	1400	
Спој на ул.Алексо Демниевски и ул.Благој Ѓорев	Кај библиотека Бели Мугри	215	/
Вкупно		**6157**	**6810**

2. МЕТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОРИ

ПАРКИНГ	ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење ($м^2$)
Паркинг до Основен суд	два пати седмично	1500
Паркинг до Градски пазар (Пармак)	два пати седмично	1300
Паркинг до Саат кула	два пати седмично	300
Паркинг спроти касарна Алексо Демниевски Бауман	два пати седмично	250
Паркинг на ул. Оливер Китановски	два пати седмично	250
Паркинг спроти библиотека Бели мугри	два пати седмично	750
Паркинг на ул. Петре Прличко до Стар мост	два пати седмично	250
Паркинг на Градски пазар (горен дел)	два пати седмично	450
Паркинг на ул. Никола Карев	два пати седмично	1250
Паркинг заден двор на Гимназија Кочо Рацин	два пати седмично	1250
Паркинг пред мост на влез на р. Бабуна	четири пати годишно	20
Паркинг Христо Узунов	два пати месечно	150
Паркинг пред Железен мост	два пати месечно	875
Паркинг Ингилиз	два пати месечно	800
Паркинг Гламур	два пати месечно	400
Паркинг пред поранешен СИЗ на ул. Борис Трајковски	два пати месечно	150
Паркинг простор поранешен АТД	два пати месечно	2669
Вкупно		**10345**

3. МЕТЕЊЕ НА ПЛОШТАДИ И УРЕДЕНИ ОТВОРЕНИ ПРОСТОРИ

ОПИС	ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД	ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење ($м^2$)
Плоштад Сармаале	секој ден	опфатен со метење на ул. 8-ми Септември
Уреден простор пред Гимназија и пред Народен театар ЈХК Џинот	секој ден	опфатен со метење на ул. Благој Ѓорев
Плоштад Панко Брашнар	еднаш седмично	опфатен со метење на ул. Благој Ѓорев
Уреден простор Народна кујна	6 пати седмично	300

Плоштад Којник	три пати седмично	450
Простор кај Соколаана	еднаш седмично	220
Кеј горен дел	два пати седмично	300
Кеј долен дел	два пати седмично	300
Отворени простори околу згради и лулашки на ул. Лазо Осмаков	два пати месечно	3190
Петре Прличко (пристапи кон згради и театар)	два пати седмично	2000
Зад згради во Чешелот	еднаш седмично	1200
Уреден простор пред поликлиника УРЕД	два пати седмично	136
Отворен простор на ул. М.А.Ченто (над гаражи, влез во гаражи и пред зелена зграда)	четири пати годишно	1284
Отворен простор на ул. 11ти Октомври (над гаражи и влез во гаражи)	четири пати годишно	1194
Отворен простор кај Варналиите	еднаш месечно	200
Вкупно		**10774**

4. МЕТЕЊЕ НА ВИДИКОВЦИ

Метењето на видиковците ќе се врши еднаш месечно.

ОПИС	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење (м^2)**
Видиковец на ул. Димко Најдов	12
Видиковец на ул. Никола Карев	12
Видиковец на ул. Рилски конгрес	12
Видиковец на ул. Браќа Капчеви	100
Видиковец на ул. Коле Цветков	36
Видиковец Христо Татарчев со околина	36
Вкупно	**208**

5. МЕТЕЊЕ НА МОСТОВИ, ПОДВОЗНИЦИ И НАДВОЗНИЦИ

ОПИС	**ВРЕМЕНСКИ ПЕРИОД**	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење (м^2)**	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА машинско метење (м^2)**
Стар мост	секој ден	/	120

Мост Гемиџии	три пати седмично	/	200
Мало мовче со галарија	два пати седмично	200	/
Железен мост	по потреба и по степен на загаденост	300	/
Подвозник ЈП Парк спорт	еднаш седмично	75	/
Надвозник Битолска пруга	по потреба и по степен на загаденост	320	/
Надвозник спој со ул. Кумановска со ул. М.А.Ченто	по потреба и по степен на загаденост	320	/
Вкупно		**1215**	**320**

6. ЧИСТЕЊЕ НА ПРИСТАПНИ ПАТИШТА И ПАТЕКИ

Чистењето ќе се извршува 2 пати во годината, освен на локацијата Пристапен пат кон Спомен Костурница кој ќе се чисти 6 (шест) пати годишно пред празнувањето на: Илинден, 8-ми Септември, 11-ти Октомври, 23-ти Октомври, 9-ти Ноември и Рацинови средби.

ОПИС	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА рачно метење ($м^2$)**
Влез во Велес од раскрсница Костурница до Железен мост	1000
Пристапен пат од раскрсница кон Спомен костурница, плато пред Костурница и скалила	10112
Влез во Велес од Ветекс	2000
Влез во Велес од манастир Свети Димитрија и генерално чистење за празник Балаклија	1000
Пристап од индустриска зона Речани до бензиска пумпа на Макпетрол	3000
Влез во Велес од автобуска постојка во Превалец до патот за филтерница	2000
Пат кон гробишта Раштани од фабрика Киро Ќучук до влез во гробишта	3500
Вкупно	**22612**

7. ЧИСТЕЊЕ НА СКАЛИЛА КОИ ПОВРЗУВААТ ДВЕ УЛИЦИ

ОПИС	**ФРЕКВЕНЦИЈА**	**ЕФЕКТИВНА ПОВРШИНА**

		рачно метење (м²)
Скалила кои ги поврзуваат ул. Илинденска и Петре Прличко	еднаш седмично	40
Скалила кои ги поврзуваат ул. Благој Ѓорев и Поликлиника УРЕД	еднаш седмично	120
